Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural

Дата:
Архивски број:

Бр./Nr. 16-313/2
06-04-2026 viti 20 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО 2025 ГОДИНА

Директор на АФПЗРР
**Даниела Иротова Лазарева**

**Скопје, 2026**

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

**СОДРЖИНА:**


1. ВОВЕД ........ 1

2. Извештај за работата на секторите ........ 4

2.1. Сектор за општи и правни работи ........ 4

2.2. Сектор за директни плаќања ........ 6

2.3. Сектор за одобрување на проекти ........ 9

2.4. Сектор за исплата ........ 12

2.5. Сектор за контрола на терен ........ 16

2.6. Сектор за регистри ........ 22

2.7. Сектор за финансиски прашања ........ 24

2.8. Сектор за внатершна ревизија ........ 42

2.9. Сектор за информациска и комуникациска технологија ........ 42

2.10. Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот ........ 44

2.11. Одделение за управување со човечки ресурси ........ 57

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

# 1. ВОВЕД

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст АФПЗРР) е оперативен орган, основан како самостоен орган согласно Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) и е под директна одговорност на Владата на Република Северна Македонија (РСМ).

Согласно член 2 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) АФПЗРР е основана за остварување на следниве цели:

- спроведување на земјоделска политика и поддршка на руралниот развој во РСМ;
- користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој во согласност со критериумите пропишани во билатералните договори мегу РСМ и ЕУ;
- спроведување на заедничката политика за аквакултурата на ЕУ во РСМ;
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството;
- споведување на други мерки кои ги утврдува Владата на РСМ;

Република Северна Македонија поради потребата за прилагодување кон Заедничката Земјоделска Политика (ЗЗП), имплементирање на мерката за рурален развој, системот на директни плаќања и структурните мерки како и програмата ИПАРД, потребно е да воспостави адекватна институција преку која земјоделството и преработувачката индустријата ќе ги користат средствата од ЕУ.

Програмата ИПАРД[1] е претпристапна програма на ЕУ за државите кандидатки како посебна програма за финансиска поддршка за земјоделството и поттикнување на руралниот развој во претпристапниот период. Наменетата поддршка за РСМ од оваа програма ги опфаќа следниве мерки:

- Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства на земјоделските стопанства;
- Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи;
- Инвестиции во јавна рурална инфраструктура;
- Диверзификација на фармите и развој на бизниси и
- Техничка помош.

Средствата од оваа програма се наменети за постигнување на општите цели на земјоделската политика со цел постигнување на континуиран развој во земјоделството и поттикнување на целокупниот рурален развој. Мерките од ИПАРД програмата се насочени кон решавање на приоритетните специфични проблеми за прилагодување на земјоделството и руралните

[1] IPARD - Instrument for pre-accession assistance for rural development

области во државите кандидатки кон целокупниот пазар на ЕУ и давање непосредна помош на овие држави за нивна подготовка за спроведување на КАП по нивното пристапување во ЕУ.

Основањето на АФПЗРР е од особена важност за РСМ како земја кандидат за членство во ЕУ. Единствено акредитирана платежна АФПЗРР може да ги користи фондовите за претпристапна помош на ЕУ. По пристапувањето на РСМ во ЕУ, АФПЗРР ќе ги користи финасиските средства од ЕУ фондовите: Европски земјоделски фонд за рурален развој (European agriculture fund for rural development) и Европски земјоделски гарантен фонд (European agriculture guarantee fund).

Во претпристапниот период на РСМ во ЕУ, АФПЗРР има за цел континуирано да се развива и усовршува со цел да овозможи правилна распределба на финансиските средства на македонските фармери, преработувачките индустрии и другите субјекти, од националниот буџет и ЕУ фондовите.

АФПЗРР преку имплементирање на долгорочниот план за развој, со системска поддршка на земјоделството и руралниот развој како и со континуиран развој на организацијата ќе стане централен елемент кој ќе ги поврзува институциите на ЕУ, РСМ и крајните корисници на средствата. Покрај работните задачи кои се однесуваат на исплаќање на финансиските средства дополнително извршува и информирање, образување, советување на владините и невладините организации како и на претпријатијата во преработувачката индустрија.

АФПЗРР има статус на самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и работи согласно националното и соодветното ЕУ законодавство.

Според Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, АФПЗРР ги има следниве надлежности:

- спроведување на мерките за дирекни плаќања во земјоделството;
- интервенции на пазарот на земјоделски производи;
- имплементација на производните квоти;
- спроведување на мерките за рурален развој;
- реализација на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој;
- спроведување на мерките за државна помош во земјоделството и
- вршење на други работи утврдени со закон.

Во составот на својата работа АФПЗРР спроведува административни и контроли на лице место за соодветноста на пристигнатите апликации за финансиска поддршка. Во процесот на проверка на апликациите извршува постојана контрола на чија основа го пресметува плаќањето односно ги определува сумите за плаќање согласно националното и европското законодавство. Дополнително се грижи за правилно и навремено плаќање на средствата на крајниот корисник и за тоа ги известува владините институции на РСМ и институциите на ЕУ.

Во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој постојат следниве сектори:

Сектор за општи и правни работи
Сектор за директни плаќања во земјоделството
Сектор за одобрување на проекти
Сектор за одобрување на исплати

Сектор за контрола
Сектор за регистри
Сектор за финансиски прашања
Сектор за внатрешна ревизија
Сектор за информатичка и комуникациска технологија
Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот
Одделение за човечки ресурси

Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања во 2025 година ги реализираше следните програми:

1. Програма за финансиска поддршка во земјоделството во 2025 година;
2. Програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство во 2025 година;
3. Програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството во 2025 година;
4. Програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје во 2025 година;
5. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој во 2025 година;
6. Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2025 година;
7. Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност во 2025 година и
8. Програма ИПАРД 2021 – 2027 .

Планираната програма за работа за 2025 година беше обемна и бараше голем ангажман на човечките капацитети. При реализација на програмата за работење се јавуваа проблеми од кадровска и финансиска природа.

# 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРИТЕ

## 2.1. Сектор за општи и правни работи

Секторот за општи и правни работи е одговорен за извршување на сите активности утврдени со Актот за систематизација, законските и подзаконските акти и внатрешните процедури за работа на Агенцијата, во делот на изготвување на правни мислења, давање на правна поддшка на организационите единици кои водат управни постапки во делот на правна помош во изготвување на решенија, заклучоци, договори и други акти. Подготовка на законски и подзаконски акти во надлежност на Агенцијата.

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Сектрот за општи и правни работи во текот на 2025 година ги реализираше следниве активности:

-Изготвување на обрасци на договори за финансиска поддршка кои се склучуваат со корисниците на средства од програмите за финансиска поддршка кои ги имплементира Агенцијата ;

-Изготвување на обрасци на решенија, заклучоци и други правни акти кои се носат во постапката за одобрување на средства од програмите за финансиска поддршка кои ги имплементира Агенцијата ;

-Координирање на изготвувањето на Упатствата за спроведување на програмите за финансиска поддршкакои ги изготвуваа секторите од Агенцијата;

-Редовно следење на законодавството на Република Северна Македонија преку назначување на одговорно лице за дневно електронско следење на објавувањето на нови акти преку веб страницата на Службен весник на Република Северна Македонија и веб страницата на EU Official Journal и за истото ги известува останатите вработени во Агенцијата;

- Одговарање на приговори кои се доставуваат до Агенцијата , одговор на претставки доставени до Народниот правобранител на РМ и Управниот инспекторат;

-Изготвување на одговори на тужби за управни спорови заведени против решенијата на Агенцијата пред Управниот суд, изготвување на жалби против пресуди, изготвување на одговор на жалби, застапување во парничните постапки кои ги води Агенцијата зедно со Државното правобранителство на РМ, поднесување на кривични пријави до Основното јавно обвинителство, претставување на Агенцијата во кривични и истражни постапки каде Агенцијата се јавува како оштетена страна; застапување на Агенцијата пред Управен суд во управни спорови ;

-Изготвување на договори за соработка кои Агенцијата ги склучува со дуги органи на државна управа и стопански здруженија;

-Започнување на извршни постапки преку Државното правобранителство заради наплата на парични побарувања односно извршување на решенијата за поврат на средства, редовно следење на постапката во комуникација со Државното правобранителство и надлежните извршители;
-Следење и пријавување на побарувања на Агенцијата во стечајни и ликвидациони постапки и редовна комуникација со стечајните управители и ликвидатори;
-Канцелариско и архивско работење;
- Доследно и навремено евидентирање на поштата која пристигнува;

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

**Одделението за јавни набавки**, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, претставува организациски облик во чии рамки се вршат работи од обласла на јавните набавки за потребите на Агенцијата и имплементација на мерки од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој кои се спроведуваат според PRAG (Практичен водич за постапките за склучување договори за надворешните активности на Европската унија).
Во текот на 2025 година Одделението за јавни набавки спроведе активности во рамки на своите надлежности, а во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2025 година, работните задачи и активности во Одделението за јавни набавки ги извршуваа вкупно – 8 вработени на следните работни позиции:
- Овластен Раководител на одделение
-Советник за имплементација на мерките што се спроведуваат според PRAG (1 извршителл),
- Виш Соработник за реализација на јавни набавкии
- Помлади соработници за реализација на јавни набавки и имплементација на мерки што се спроведуваат според PRAG (5 извршители)

Одделението за јавни набавки во текот на 2025 година, врз основа на утврдените извори за финансирање, а во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2025 година, има објавено 49 (триесет и седум) огласи за јавни набавки, од кои 7 (седум) се завршени со одлуки за поништување на постапката за јавна набавка, а 38 (триесет и пет) се завршени со одлуки за избор. Во текот на 2025 година спроведени се три постапки со преговарање. Во зависност од проценетата вредност на договорите беа спроведени различни видови на постапки, согласно Законот за јавни набавки и тоа :

- 3 отворени постапки;
- 17 набавки од мала вредност
- 19 постапки со поедноставена отворена постапка и

За склучените договори одделението за јавни набавки води евиденција во ЕСЈН на БЈН и ги објавува сите барани информации.

Одделението за јавни набавки, исто така води евиденција на барањата за набавки за потребите на Агенцијата, чиј вкупен износ месечно не е поголем од 1000,00 евра во денарска противвредност без данок на додадена вредност и за истите води евиденција на ЕСЈН.

Во текот на месец декември 20245година и месец јануари 2025 година, врз основа на утврдените извори за финансирање подготвен е план за вкупните потреби за набавки за

наредната година по стоки, услуги и работи - Годишен план за јавни набавки во 2026 година, со кој се определени и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот.

Во 2025 година во Одделението за јавни набавки беа доставени шест апликации од мерката Техничка помош.

## 2.2. Сектор за директни плаќања во земјоделството

Секторот за директни плаќања во земјоделството, во рамките на своите надлежности, во 2025 година учествуваше во реализација на следните програми:

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година;
-Програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година;
-Програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година;
-Програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година;

Секторот за директни плаќања во земјоделството во рамките на своите надлежности ги реализираше следните активности:

**I Подготвителни активности за имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година**

Учествуваше во подготовка на Предлог-план за работа на АФПЗРР
Учествуваше во подготовка на програмите за 2025 година.
Учествуваше во подготовка на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средства, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.
Подготви Правилник за начинот и постапката за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.
Подготви Одлука за за утврдување на документите за извршување на директните плаќања во земјоделството за 2025 година
Учествуваше во подготовка на техничка спецификација за надградба на софтверот за директни плаќања,
Учествуваше во тестирање на софтверот за директни плаќања,
Подготви Упатство за работа на Секторот за директни плаќања во земјоделството,
Подготви  образци за поднесување на барања,
Подготви упатства за корисниците,

Учествуваше во подготовка на техничка спецификација за набавка на гориво за земјоделска механизација и за набавка на овошје
Соработуваше со институции кои се одговорни за водење на регистри и евиденции (Министерство за земјоделство, шумарство иводостопанство, Агенција за храна и ветеринарство, откупувачи на земјоделски производи).

**II Активности за имплементација на програмите за 2025 година**

а) Го координираше и следеше поднесувањето на барања за директни плаќања. Со цел обезбедување помош на барателите при поднесување на електронското барање Агенцијата создаде наменски службени е-меил адреси на кои корисници се вработените во ПЕ на МЗШВ преку кои можат да го активираат линкот за создавање и поднесување на електронското барање. Исто така за мерките од растително и сточарско производство, за кои земјоделските стопанства самостојно ги поднесуваа барањата, СДПЗ овозможи целосна поддршка на странките со помош при пополнување на барањата.
б) Во текот на 2025 година изврши административна обработка на примените барања.
в) Подготви и достави известувања за некомплетност за секое примено барање кое е некомплетно и му утврди рок за докомплетирање.
г) Изврши пресметка на висина на директни плаќања по електронски пат преку софрверското решение
д) Изврши подготовка на решенија
ѓ) Подготви анализи и извештаи врз основа на податоците од поднесените барања

Во рамките на роковите утврдени со закон, се реализираа следните групи на мерки:
Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства
Директни плаќања за растително производство
Директни плаќања за сточарско производство
Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)
Помош за премии за осигурување
Помош за заштита на земјоделското земјиште
Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство
Помош во сточарскиот сектор
Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2024 и 2025 година
Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација
Финансиска поддршка во органското земјоделско производство
Финансиска поддршка во земјоделството (интервентен фонд)
Финансиска поддршка за откуп, дистрибуција и пакување на кајсии, праски, сливи, круши и јаболки од реколта 2025 година произведени во Република Северна Македонија (потрошувачка на овошје)

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

**III Други активности**

Соработка со останатите сектори во АФПЗРР:
Соработуваше со Секторот за информатичка и комуникациска технологија во делот на подготовка на софтверско решение за директни плаќања, проверка на веродостојноста на личните податоци во КИБС
Соработуваше со Секторот за финансиски прашања во делот на достава на решенија за одобрување, усогласување на одобрените и извршените исплати,
Соработуваше со Секторот за контрола во делот на добивање на податоци од извршените контроли на самото место,
Соработуваше со Секторот за општи и правни работи во делот на консултации во подготовка на акти на Агенцијата (упатства, обрасци, листа на документи, темплејти на решенија)
Подготви и изврши достава на одговори по доставени претставки.
Учествуваше во подготовка на образложенија по доставени тужби и подготовка на решенија по доставени пресуди.

## 2.3. Сектор за одобрување на проекти

II. ИПАРД Програма 2021-2027

На 01 септември 2023 Агенцијата го објави првиот јавен повик за користење на средства од ИПАРД 2021-2027 Програмата за мерките 1 и 7 и истиот беше отворен за аплицирање заклучно со 30 октомври 2023. Поради големиот број
Во табелите подолу е даден табеларен приказ на пристигнатите барања по мерки и сектори, бројот на одбиени апликации како и склучени договори заклучно со 31.12.2025. Јавниот повик е затворен, склучени се сите договори за двете мерки опфатени со јавниот повик..

Оглас 01/2023 ИПАРД 2021-2027
- Мерка 1

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени апликации | Вкупно побарана сума | Број на одбиени апликации | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 01 | 831 | 39.624.655,83 | 464 | 334 | 12.046.955,32 |
| М1 | 02 | 50 | 8.880.090,11 | 27 | 17 | 3.802.353,21 |
| М1 | 03 | 3 | 62.741,05 | 3 | 0 | 0,00 |
| М1 | 04 | 17 | 3.109.014,19 | 11 | 6 | 1.032.807,67 |
| М1 | 05 | 1 | 46.740,90 | 1 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 31.12.2025 | 902 | 51.723.242,07 | 506 | 357 | 16.882.116,20 |

- Сумите се изразени во евра

- Мерка 7

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени апликации | Вкупно побарана сума | Број на одбиени апликации | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М7 | 01 | 37 | 2.445.215,28 | 34 | 3 | 532.926,54 |
| М7 | 02 | 4 | 951.314,38 | 3 | 1 | 279.640,61 |
| М7 | 03 | 11 | 1.415.910,28 | 10 | 0 | 0,00 |
| М7 | 04 | 94 | 20.881.659,29 | 74 | 20 | 3.893.378,25 |
| М7 | 05 | 3 | 247.009,14 | 3 | 0 | 0,00 |
| М7 | 06 | 23 | 2.792.191,81 | 18 | 5 | 1.639.756,62 |
| М7 | 07 | 26 | 3.633.400,23 | 21 | 5 | 646.981,06 |
| М7 | 08 | 57 | 13.743.405,97 | 39 | 14 | 3.488.564,17 |
| М7 | 09 | 2 | 169.590,45 | 2 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 31.12.2025 | 257 | 46.279.696,82 | 204 | 48 | 10.481.247,25 |

Сумите се изразени во евра

Од табелите може да се увиди дека на јавниот повик 01/2023 се пристигнати 1159 барања за финансиска Побараната сума за кофинансирање е над расположливиот буџет од мерките од ИПАРД Програмата. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.

Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неоодветност на барањата. Поконкретно во овој повик при проверка на комплетноста на самите барања беше забележано дека голем број на барања беа одбиени бидејќи не беше доставен „Доказ дека против корисникот не е покрената кривична постапка (Регистар за кривична евиденција Основен кривичен суд". Во однос на соодветноста голем број од барањата беа одбиени поради немање на доволно средства. Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата

На 13 април 2024 Агенцијата го објави вториот јавен повик за користење на средства од ИПАРД 2021-2027 Програмата за мерката 3 и истиот беше отворен за аплицирање заклучно со 12 јуни 2024. Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 Програмата. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неоодветност на барањата. Како најчеста причина за одбивање на некомплетните барања е недоставување на соодветен документ за исполнување на стандардите за животна средина. Овој недостаток (проблем) не може да се лоцира кај одредена општина. Во однос на несоодветноста на корисниците не може да се дефинира најчест критериум за одбивање. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите. Административната обработка на сите апликации е завршена, проверка на комплетност и на дел од нив е завршен процесот на соодветност, и извршена е проверка на контрола на терен пред одобрување на проектите. За сите комплетни и соодветни апликации се испратени барања за проверка на референти цени преку интерниот електронски систем до одделението за водење на база референтни цени, и за истите е извршена контрола на терен.
Во табелата подолу е даден табеларен приказ на пристигнатите барања по мерката и сектори, бројот на одбиени апликации како и склучени договори заклучно со 31.12.2025. Обработка на апликациите продолжува и во 2026 година.

Оглас 01/2024 ИПАРД 2021-2027
- Мерка 3

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени апликации | Вкупно побарана сума | Број на одбиени апликации | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M3 | 01 | 4 | 299.368,38 | 1 | 2 | 111.664,99 |
| M3 | 02 | 11 | 1.931.374,90 | 5 | 4 | 254.045,87 |
| M3 | 03 | 31 | 17.429.843,03 | 7 | 9 | 3.909.754.42 |
| M3 | 04 | 14 | 2.534.645,72 | 4 | 4 | 1.589.129,87 |
| M3 | 05 | 2 | 872.081,96 | 0 | 1 | 45.246,06 |
| M3 | 06 | 15 | 4.597.913,11 | 2 | 7 | 830.962,45 |
| M3 | 07 | 2 | 145.249,03 | 1 | 1 | 78.999,05 |
| M3 | 08 | 2 | 343.502,33 | 0 | 0 | 0.00 |
| M3 | 09 | 35 | 4.176.478,24 | 14 | 7 | 447.558,37 |
| Вкупно | 31.12.2025 | 116 | 32.330.456,70 | 34 | 35 | 7.267.361,08 |

- Сумите се изразени во евра

На 05 ноември 2024 Агенцијата го објави третиот јавен повик за користење на средства од ИПАРД 2021-2027 Програмата за мерката 7 и истиот беше отворен за аплицирање заклучно со 20 декември 2024.

Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.
Административната обработка, проверка на комплетност на сите апликации е завршена. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата. За сите комплетни и соодветни апликации се испратени барања за проверка на референти цени преку интерниот електронски систем до одделението за водење на база референтни цени, и за истите е извршена контрола на терен.
Во табелата подолу е даден табеларен приказ на пристигнатите барања по мерката и сектори, бројот на одбиени апликации како и склучени договори заклучно со 31.12.2025. Обработка на апликациите продолжува и во 2026 година.

Оглас 02/2024 ИПАРД 2021-2027
- Мерка 7

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени апликации | Вкупно побарана сума | Број на одбиени апликации | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M7 | 01 | 29 | 640.306,38 | 21 | 2 | 18.313,13 |
| M7 | 02 | 2 | 766.074,50 | 1 | 0 | 0,00 |
| M7 | 03 | 1 | 722.085,32 | 1 | 0 | 0,00 |
| M7 | 05 | 20 | 2.583.948,75 | 18 | 0 | 0,00 |
| M7 | 06 | 1 | 268.807,87 | 1 | 0 | 0,00 |
| M7 | 07 | 5 | 86.712,98 | 3 | 2 | 52.368,66 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **М7** | **08** | **70** | **19.052.228,09** | **46** | **8** | **1.644.242,59** |
| **Вкупно** | **31.12.2025** | **128** | **24.120.163,89** | **92** | **12** | **1.714.924,38** |

- Сумите се изразени во евра

На 12.02.2025 Агенцијата го објави четвртиот јавен повик за користење на средства од ИПАРД 2021-2027 Програмата за мерката 1 и истиот беше отворен за аплицирање заклучно со 29.03.2025. Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 1 изнесува 7.415.335 евра.

Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата.
Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансиска поддршка и број на одбиени апликации се претставени во табелата подолу. Сеуште нема склучени договори за финансиска поддршка по ово јавен повик. Административната обработка, проверка на комплетност на сите апликации е завршена. За сите комплетни и соодветни апликации се испратени барања за проверка на референти цени преку интерниот електронски систем до одделението за водење на база референтни цени, и за истите е извршена контрола на терен.

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени апликации | Вкупно побарана сума | Број на одбиени апликации |
|---|---|---|---|---|
| **М1** | **01** | **674** | **29.471.315,94** | **99** |
| **М1** | **02** | **29** | **7.071.502,04** | **9** |
| **М1** | **03** | **3** | **332.184,79** | **2** |
| **М1** | **04** | **8** | **1.150.277,79** | **2** |
| **Вкупно** | **31.12.2025** | **714** | **38.025.280,55** | **112** |

Согласно последните измени на процедурите за работа на Секторот за одобрување на проекти, направени согласно измените на Законот за основање на АФПЗРР во 2019 година, само барањата кои ја содржат комплетната документација од јавниот повик се предмет на обработка. Како главни проблеми сеуште остануваат недоволниот човечки капацитет за извршување на сите предвидени активности како и потребите за обуки за новите и постојните вработени.

Бројот на вработени по одделенија во СОП е следен:

- Одделение за подобрување на конкурентноста во земјоделството 9 + 1 раководител.
- Одделение за одобрување на инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи 6+1 раководител.
- Одделение за развој на руралните средини 6+1 раководител.

***Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година***

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2025 година преку Секторот за одобрување на проекти објави шест (6) Јавни повици за доставување

на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година:

Јавен повик 02/2025 - Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност. Објавен повик на 10.04.2025 година, краен рок за аплицирање е до 09.05.2025 година. Пристигнати се вкупно 254 барања. Одобрени се 117 баратели со вкупна сума од 69.554.695,00 денари.

Јавен повик 03/2025 - Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност (Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга). Објавен повик на 09.05.2025 година, краен рок за аплицирање е до 09.06.2025 година. Пристигнати се вкупно 32 барања со вкупна побарана сума од 220.972.419,00 денари. Обработката е во тек.

Јавен повик 04/2025 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства (Набавка на трактори). Објавен повик на 06.06.2025 година, краен рок за аплицирање е до 07.07.2025 година. Пристигнати се вкупно 1918 барања со вкупна побарана сума од 1.147.687.229,00 денари. Обработката е во тек.

Јавен повик 05/2025 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства (Набавка на: машини за разбивање мраз, анти фрост системи, заштитени мрежи и заштитни фолии, систем капка по капка, конструкција на бунари, електрични огради во пчеларник за заштита од дивеч). Објавен повик на 11.06.2025 година, краен рок за аплицирање е до 11.07.2025 година. Пристигнати се вкупно 25 барања со вкупна побарана сума од 12.153.790,00 денари. Обработката е во тек.

Јавен повик 06/2025 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства (Набавка на приклучна земјоделска механизација). Објавен повик на 11.06.2025 година, краен рок за аплицирање е до 11.07.2025 година. Пристигнати се вкупно 897 барања со вкупна побарана сума од 442.575.728,00 денари. Обработката е во тек.

Јавен повик 07/2025 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства (Инвестиции во опрема за производство на храна од животинско и/или неживотинско потекло од мал обем и Инвестиции во опрема за производство на вино, алкохолни пијалоци и пиво од мал обем). Објавен повик на 11.06.2025 година, краен рок за аплицирање е до 11.07.2025 година. Пристигнати се вкупно 10 барања со вкупна побарана сума од 4.985.322,00 денари. Обработката е во тек.

***Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2025 година***

Секторот за одобрување на проекти во текот на 2025 година, објави еден (1) јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година за мерка 2.1 и 2.3 од Програмата:

Јавен повик 01/2025 – Финансиска поддршка во аквакултурата. Објавен јавен повик на 30.05.2025 година, краен рок за аплицирање е до 30.06.2025 година. Пристигнати се вкупно 8

барања со вкупна побарана сума од 6.200.000,00 денари. Обработката е во тек.

Забелешка: Во текот на 2025 година, беа обработувани предмети и потпишувани Договори од Сектор за одобрување на проекти за јавни повици од минатите години.

## 2.4. Сектор за одобрување на исплата

***Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година***

*Број на поднесени барања*

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2025 година преку Секторот за одобрување на исплати објави два (2) Јавни повика за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година и тоа:

- Јавен повик 01/2025

Јавен повик 01/2024 објавен на 05.03.2025 година за Мерка 213- Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики и тоа за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционално овчарство за 2023 година. Краен рок за доставување барања беше 31.03.2025 година и на истиот пристигна се 48 барање за исплата со побаран износ од 30.492.465.00 денари, кои се обработени изготвени од кои за 44 се решенија за исплата со вкупен износ од 18.252.070,00 денари додека 4 барања ќе бидат одбиени поради неисполнување на услови согласно Програмата и Јавниот повик.

- Јавен повик 08/2025

Јавен повик 08/2025 објавен на 30.06.2025 година за Мерка 213- Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики и тоа за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционално овчарство за 2023 година. Краен рок за доставување барања беше 30.07.2025 година и на истиот пристигнаа 48 барања за исплата со побаран износ од 29.118.917,00 денари. Сите барања за исплата се обработени од нив за 26 се издадени решенија за исплата, 7 барања за исплата ќе бидат одбиени поради неисполнување на услови согласно Програмата и Јавниот повик, додека 15 барања поради некомплетна докумаентација се во разни фази на обработка.

Покрај јавните повици кои беа објавени во 2025 година, Секторот за одобрување на плаќања во текот на 2025 година ги обработуваше и барањата за исплата доставени по јавните повици од Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2023 и 2024 година од разни мерки.

Исто така Секторот за одобрување на плаќања во текот на 2025 година обработуваше и предмети од техничка помош за кои Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство доставува Известувања со пропратна документација како доказ за реализирана активност односно за спроведена јавна набавка во зависност од мерката и начинот на нејзино спроведување и исплата. Во текот на 2025 година доставени се оклу 130 известувања за исплата на средства по мерките 1.1, 1.2, 1.3, 1.6, 1.7 и 214 од кој најголем дел се обработени и за истите

се издадени Решенија за исплата. Во обработка се уште 25 известувања за кој Агенцијата ќе донесе соодветни решенија по донесување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2026 година.

Исто така Секторот за одобрување на плаќања во текот на 2025 година има донесено и решенија за поврат и постапувано по пресуди на предмети за кои се водат судски постапки

Во 2025 година Секторот за одобрување исплата објави Јавен Повик 09/2025 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година, за поднесување на барање за исплата по мерка 6 Помош во сточарскиот сектор на кој се поднесени вкупно 6 Барања за финансиска поддршка на вкупен износ од 12.000.000,00 денари. За истите следи фаза на обработка

***Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2025 година***

Секторот за одобрување исплата по Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година објави еден отворен јавен повик и тоа:Јавен повик 02/2025 објавен на 20.06.2025 година, за поднесување барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2025 година, поточно за:
Мерка 1 - Финансиска поддршка во рибарството ,

Подмерка 1.6 - Дополнителна заштита на рибите во риболовните води, за кое е пристигнато едно барање и за истото има изготвено Решение за исплата.

Подмерка 1.7 - Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води, нема поднесено барања за исплата

Подмерка 1.8 - Финансиски средства за отстранување на постојните еколошки нарушувања, нема поднесено барања за исплата

Мерка 2 - Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби

Подмерка 2.2 - Финансиска поддршка за материјал за порибување,
За првиот период на порибување од 10 февруари до 31 мај, поднесени се вкупно 13 барања за исплата, кој се обработени и во моентот е запрена постапката поради одредени нерегуларности во цените на порибителниот материјал. Додека за вториот период на порибување од 1 јули до 31 октомври 2025 година поднесени се вкупно 12 барања за исплата, кој се обработени и во моентот е запрена постапката поради одредени нерегуларности во цените на порибителниот материјал. Висината на поддршката која е побарана за двата периоди изнесува 60.726.348,00 денари.

Мерка 4 - Развој на нови пазари и промотивни кампањи,

Подмерка 4.1 - Финансиска поддршка за промоција на рибарството нема поднесено барања за исплата
Подмерка 4.2 - Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство, нема поднесено барања за исплата .

Крајниот рок на Јавниот повик 02/2025 беше 07 Ноември 2025 година.

Секторот за одобрување исплата вршеше обработка на пристигнати барања по два (2) јавни повици од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022, 2023 и 2024 година.
Исто така Секторот за одобрување исплата вршеше обработка на пристигнати Известувања за исплата на средства за рибарство од Програмата за 2026 година.

*Исплати од ИПАРД Програма*

Во текот на 2025 година од ИПАРД III програмата пристигнаа 281 барања за исплата, при што одобрени за исплата беа 265 барања за исплата.

Примени барања за исплата во 2025 година.

ИПАРД III програма
- Мерка 1 – 247 барања за исплата;
- Мерка 3 - 5 барања за исплата;
- Мерка 7 - 23 барања за исплата;
- Мерка 9 ( Техничка помош ) - 6 барања за исплата.

БАРАЊА ЗА АВАНС

Пристигнати се 13 барања за авансна исплата.

Авторизирани барања за исплата во 2025 година:

ИПАРД III програмата
- Мерка 1 - 246 барање за исплата во износ од 468.167.465,00 денари (10.966.490,11евра);
- Мерка 7 - 15 барање за исплата во износ од 56.396.859,00 денари (918.932,72 евра);
- Мерка 9 (Техничка помош) - 4 барање за исплата во износ од 486.931,00 денари (7.903,36 евра).

АВАНСНА ИСПЛАТА

- Исплатени 10 барања за аванс во износ од 83.690.372,00 денари (1.349.845,00 евра).

## 2.5. Сектор за контрола

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Правилникот за систематизација на работните места во АФПЗРР и Правилникот за внатрешна организација на АФПЗРР, Секторот за Контрола на терен при АФПЗРР, во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 ги изврши следниве активности:

**Контроли на самото место кај инвестиции од ИПАРД Оперативната Програма**

Пред одобрување:

- Извршени се вкупно **113** контроли на самото место пред одобрување од јавните повици 23/01 Мерка 1, 24/01 Мерка 3, 24/02 Мерка 7 и 25/01 Мерка 1 од ИПАРД 3 2021-2027 од кои: 15 контроли од јавен повик 23/01 - Мерка 1( ИПАРД 3 2021-2027) , 32 контроли од јавен повик 24/01 – Мерка 3 (ИПАРД 3 2021-2027); 38 контроли од јавен повик 24/02 Мерка 7 (ИПАРД 3 2021-2027), 29 контроли од јавен повик 25/01 – Мерка 1 (ИПАРД 3 2021-2027).

Пред исплата:

- Извршени се вкупно **293** контроли на самото место пред исплата кај инвестиции од јавните повици 17/01 и 19/02 (ИПАРД 2 2014-2020) и 23/01 (ИПАРД 3 2021-2027) од кои 1 контрола од кај инвестиција од Мерка 7 од јавен повик 17/01 (ИПАРД 2 2014-2020), 1 контрола кај инвестиција Мерка 3 од јавен повик 19/02 ( ИПАРД 2 2014-2020),277 контроли кај инвестиции од Мерка 1 – јавен повик 23/01 (ИПАРД 3 2021-2027) и 14 контроли кај инвестиции од Мерка 7 – јавен повик 23/01 (ИПАРД 3 2021-2027).

После исплата:

- Извршени се **555** контроли на самото место после исплата кај инвестиции од ИПАРД 2 2014-2020 од кои 471 контроли кај инвестиции од Мерка 1 од јавен повик: 17/01,18/02 и 20/01( ИПАРД 2 2014-2020), 44 контроли кај инвестиции од Мерка 3 од јанен повик: 17/01, 18/01, 19/02, 22/01 и 23/01 (ИПАРД 2 2014-2020) и 40 контроли кај инвестиции од Мерка 7 од јавен повик: 17/01, 19/01 и 21/01(ИПАРД 2 2014-2020.

Контроли на самото место за утврдување скриени работи:

- Извршени се вкупно **25** контроли за утврдување скриени работи кај инвестиции од јавен повик 23/01и 24/02 Мерка 7 и 23/01 Мерка 1 (ИПАРД 3 2021-2027).

Кај сите инвестиции кои вклучуваат скриени работи и истите се започнати со реализација, корисниците редовно известуваат и доставуваат фотографии и останата документација од текот на градбата (по фази) при што голем дел од скриените работи можат и се потврдуват како извршени.

За мерка техничка помош *направена е 1 контрола на самото место ( Мониторинг комитет на 25.05.2025 година)* за останатите се доставуваат материјали како доказ (фотографии и останата документација) од страна на ТУ со кои се потврдува одржувањето на мониторинг комитети, работилници како и за набавка на материјали (печатени материјали, промотивни материјали, канцелариски материјали).

**Дополнителни контроли:**

Извршени се 2 дополнителни контроли пред одобрување од јавен повик 23/01 за Мерка 1 и 24/01 за Мерка 3 ( ИПАРД 32021-2027).

Вкупно за ИПАРД Програмите во 2025 година извршени се 988 контроли на терен.

**Контроли на самото место за Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој и Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата**
**Извршени контроли на самото место пред исплата:**

**Извршени контроли на самото место пред исплата:**

Извршени се вкупно 153 контроли на самото место пред исплата по Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој:

- 114 контроли кај инвестиции од мерка 121
- 39 контроли кај инвестиции од мерка 112
- 22 контроли на терен по Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по мерки 2 - Финансиска поддршка во аквакултурата, подмерка 2.1, 2.2 и

**Извршени контроли на самото место после исплата**:

Примерокот за контрола на самото место после исплата го утврдува Секторот за одобрување на исплата преку анализа на ризик.

Извршени се 649 контроли после исплата.

По Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од сите типови контроли извршени се вкупно 802 контроли.

По Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од сите типови контроли извршени се вкупно 22 контроли.

**Вкупно контроли на самото место по ПРР и ПРА извршени се 824 контроли**.

**Контроли на самото место по мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството**

Екстракција на примерок за контрола

- Примерокот на контрола на терен за програмата за директни плаќања во земјоделството за 2025 година се изврши на ниво на целата територија на Република Македонија и после екстракцијата е направена анализа на добиените барања во насока на проверка на исполнувањето на критериумите според ЗЗРР и утврдената методологија согласно законот. Во следните табели може да се видат бројот и процентот на екстрактирани барањата според методот на екстракција и начинот на контрола:

| | | | МЕРКА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | МЕРКА 1 - Растително производство | | | МЕРКА 2 - Животинско производство | Вкупно ЕДБАР*[1] |
| | | | CwRS - контроли | Класични контроли | Вкупно раст. | | |
| поднесени барања по мерки и вкупно поднесени барања | | | / | / | 49200 | 15451 | 59491 |
| Вид на избор на примерок за контрола | Случаен избор | бр. | 0 | 0 | 0 | 165 | 165 |
| | | % | | | | 25% | 2% |
| | Анализа на ризик | бр. | 7691 | 0 | **7691** | **488** | **8179** |
| | | % | 100% | | 100% | 75% | **98%** |
| | Вкупно КНТ | | 7691 | 0 | 7691 | 653 | **8344** |
| | Ад хок | бр. | / | 57 | 57 | 198 | **255** |
| | | % | / | 0.1% | 0.1% | 1.3% | **0.4%** |
| | **Вкупно КНТ** | бр. | 7691 | 57 | **7748** | **851** | **8599** |
| | | % | 99% | 1% | 15.7% | 5.5% | **14.5%** |

*[1] во овој дел сумирани се барателите кои се исконтролирани по мерка 1 и мерка 2 и има баратели кои се исконтролирани и по двете мерки како и баратели кои имаат поднесено барање и за двете мерки

Според Методологијата за избор на примерок за контрола на самото место се сметаа за ризични и баратели кои имаат одгледувалиште на иста локација.

Во 2025 екстракциите за примерокот за контрола беа извршени по вид на животни/подмерка. Во следната табела е прикажана анализа на контролирани барања по вид на животни/подмерка.

| Row Labels | Count of вк. Поднесени ИДБР | Count of КНТ ИДБР | рандом | риск | % рандом | %риск |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ад хок | | 185 | | | | |
| 2.1-говеда | 6594 | 265 | 66 | 199 | 24.9 | 75.1 |
| 2.6-овци | 2315 | 69 | 17 | 52 | 24.6 | 75.4 |
| 2.7-кози | 1218 | 12 | 3 | 9 | 25.0 | 75.0 |
| 2.9-маторици | 401 | 12 | 3 | 9 | 25.0 | 75.0 |
| 2.14-пчели | 6072 | 308 | 77 | 231 | 25.0 | 75.0 |
| unique сточарско ранд+риск | | 666 | 166 | 500 | 24.9 | 75.1 |
| Grand Total Unique КНТ | 15451 | 851 | | | | |

| Row Labels | Count of вк. Поднесени ИДБР | Count of КНТ ИДБР | % КНТ |
|---|---|---|---|
| 2.1-говеда | 6594 | 380 | 6 |
| 2.6-овци | 2315 | 166 | 7 |
| 2.7-кози | 1218 | 61 | 5 |
| 2.9-маторици | 401 | 22 | 5 |
| 2.14-пчели | 6072 | 334 | 6 |
| Grand Total Unique КНТ | 15451 | 851 | 5.5 |

**Контроли со далечински методи (сателитски снимки)**

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година:

Извршени се теренски контроли за 32 баратели при што се изготвени записници.

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година:

За имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година дел од контролите се извршени со далечинско истражување т.е. со сателитски снимки (CwRS), кои се набавени со сопствен буџет, за пет зони: Делчево, Куманово, Прилеп, Радовиш и Тиквеш.

Контролите за сите зони се извршуваат од страна на Секторот за контрола на терен.

| Зона | Број на баратели | Број на СИЗП парцели |
|---|---|---|
| Делчево | 676 | 2944 |
| Куманово | 672 | 2847 |
| Прилеп | 234 | 1191 |
| Радовиш | 206 | 909 |
| Тиквеш | 5524 | 14580 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 7624 | 22549 |

Во текот на 2025 година се заврши фотоинтерпретацијата, брзите теренски проверки и состаноците за Прилеп, Куманово и Радовиш и пратени се пошта записниците за барателите кои не се најдени, додека за Делчево и Тиквеш во тек се состаноците, а по пошта се доставени за дел од барателите за зона Тиквеш.

| ЗОНИ СО САТЕЛИТСКИ СНИМКИ ПФПЗ 2024 | Брзи теренски посети | Извршени состаноци | Доставени по пошта записници |
|---|---|---|---|
| Делчево | 221 | 210 | / |
| Куманово | 3 | 208 | 83 |
| Прилеп | 50 | 123 | 43 |
| Радовиш | 77 | 120 | 17 |
| Тиквеш | 208 | 769 | 368 |
| Вкупно | **365** | **811** | **511** |

Класични контроли на самото место

СКТ е одговорен за организација, подготовка и извршување на класичните контроли на самото место кај барателите од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и во 2025 година ги изврши следниве активности:

Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година:

- 35 класични КСМ – мерка 1 и 2,
- 8 контроли на самото место во регистриран откупувач на сурово млеко – млекари, 2-ра фаза, при што се исконтролирани вкупно 187 баратели, подмерка 2.4. Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчјо и козјо млеко ,
- 25 контроли на самото место во регистрирано откупно преработувачко претпријатие при што се исконтролирани вкупно 725 баратели, подмерка 1.3. ( пченица, јачмен, сончоглед,маслодајна репка и афион),
- 30 контроли на самото место во откупно - преработувачки капацитети (подмерки 1.7. и 1.10.), при што се исконтролирани вкупно 1964 баратели,
- 17 контроли во кланици ( подмерки 2.5, 2.13, 2.14. и 2.15.) при што се исконтролирани вкупно 841 баратели,
- 19 контроли на самото место во преработувачи, при што се исконтролирани вкупно 420 баратели во однос на подмерка 1.23. ( јаболка ).

Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година:

- 874 класични контроли на самото место – мерка 1 и 2,

- 8 контроли на самото место во регистриран откупувач на сурово млеко – млекари, при што се исконтролирани вкупно 305 баратели, подмерка 2.3. Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчјо и козјо млеко , 1-ва фаза,
- 10 контроли во откупувачи за подмерка 1.9. ( тутун ), при што се исконтролирани 1232 баратели.

Во 2025 година извршени се вкупно 1026 контроли (класични и контроли во откупно-преработувачки претпријатија) на самото место при што се проверени 6583 барања за финансиска поддршка во однос на Програмите за за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и 2025 година.

Извршени се **8650** контроли на самото место при што се проверени **14 207** барања за финансиска поддршка за Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 и 2025 година.

<u>Вкупно извршени 10 462 контроли на самото место по сите програми во 2025 година од СКТ при што се проверени 16 019 барања за финансиска поддршка.</u>

Анализата на констатирани разлики во количини (основни подмерки – сточарско и растително производство) по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година (Единствено електронско барања), и констатираните несоодветности и отстапувања во почитување на минималните услови за добра земјоделска пракса и зачувување на животната средина, се прикажани во прилозите:

**Прилог 1**: Анализа на констатирани разлики во количини (основни подмерки – сточарско)

## Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

| Row Labels | Sum of Говеда | Sum of Разлики говеда | % Разлики Говеда | Sum of Овци | Sum of Разлики овци | % Разлики Овци | Sum of Кози | Sum of Разлики кози | % Разлики Кози | Sum of Пчели | Sum of Разлики пчели | % Разлики Пчели | Sum of Матоници | Sum of Разлики матоници | % Разлики Матоници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 28 | 0 | 0 | 214 | 46 | 21 | 17 | 3 | 18 | 487 | 49 | 10 | 9 | 0 | 0 |
| БИТОЛА | 418 | 5 | 1 | 754 | 15 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1219 | 10 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| БОГОВИЊЕ | 85 | 6 | 7 | 1341 | 41 | 3 | 0 | 0 | 0 | 285 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВАЛАНДОВО | 343 | 19 | 6 | 0 | 0 | 0 | 120 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВЕВЧАНИ | 0 | 0 | 0 | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВЕЛЕС | 438 | 11 | 3 | 3613 | 24 | 1 | 294 | 3 | 1 | 1102 | 179 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| ВИНИЦА | 36 | 3 | 8 | 616 | 39 | 6 | 42 | 0 | 0 | 82 | 0 | 0 | 22 | 0 | 0 |
| ГАЗИ БАБА | 186 | 27 | 15 | 360 | 2 | 1 | 58 | 0 | 0 | 635 | 9 | 1 | 16 | 0 | 0 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 159 | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 | 457 | 22 | 5 | 35 | 6 | 17 |
| ГОСТИВАР | 255 | 114 | 45 | 3602 | 207 | 6 | 0 | 0 | 0 | 419 | 9 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ДЕБАР | 22 | 11 | 50 | 796 | 45 | 6 | 21 | 0 | 0 | 244 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ДЕЛЧЕВО | 36 | 4 | 11 | 514 | 17 | 3 | 79 | 2 | 3 | 263 | 0 | 0 | 19 | 9 | 47 |
| ДЕМИР ХИСАР | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230 | 0 | 0 | 10 | 1 | 10 |
| КАВАДАРЦИ | 200 | 24 | 12 | 498 | 100 | 20 | 44 | 4 | 9 | 1928 | 15 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| КАРПОШ | 146 | 2 | 1 | 678 | 64 | 9 | 68 | 3 | 4 | 495 | 19 | 4 | 80 | 0 | 0 |
| КИСЕЛА ВОДА | 259 | 49 | 19 | 765 | 17 | 2 | 184 | 0 | 0 | 1699 | 114 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| КИЧЕВО | 33 | 3 | 9 | 706 | 12 | 2 | 64 | 8 | 13 | 489 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КОЧАНИ | 224 | 24 | 11 | 718 | 54 | 8 | 312 | 2 | 1 | 427 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КРАТОВО | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 126 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 478 | 388 | 81 | 317 | 0 | 0 | 21 | 3 | 14 | 542 | 49 | 9 | 0 | 0 | 0 |
| КРИВОГАШТАНИ | 69 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КРУШЕВО | 8 | 0 | 0 | 214 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 146 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КУМАНОВО | 664 | 53 | 8 | 1295 | 0 | 0 | 55 | 26 | 47 | 946 | 54 | 6 | 173 | 4 | 2 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 25 | 4 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 220 | 15 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| НЕГОТИНО | 270 | 7 | 3 | 136 | 16 | 12 | 0 | 0 | 0 | 374 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ОХРИД | 29 | 10 | 34 | 103 | 5 | 5 | 7 | 0 | 0 | 744 | 205 | 28 | 0 | 0 | 0 |
| ПЕХЧЕВО | 103 | 0 | 0 | 264 | 2 | 1 | 9 | 0 | 0 | 144 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРИЛЕП | 103 | 4 | 4 | 262 | 13 | 5 | 37 | 7 | 19 | 1117 | 215 | 19 | 0 | 0 | 0 |
| ПРОБИШТИП | 247 | 136 | 55 | 124 | 0 | 0 | 12 | 1 | 8 | 506 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РАДОВИШ | 199 | 16 | 8 | 850 | 14 | 2 | 523 | 20 | 4 | 338 | 53 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| РЕСЕН | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 768 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 152 | 9 | 6 | 841 | 7 | 1 | 30 | 0 | 0 | 773 | 11 | 1 | 12 | 0 | 0 |
| СТРУГА | 55 | 6 | 11 | 1665 | 143 | 9 | 141 | 0 | 0 | 403 | 24 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| СТРУМИЦА | 423 | 120 | 28 | 186 | 87 | 47 | 62 | 4 | 6 | 288 | 9 | 3 | 21 | 6 | 29 |
| ТЕТОВО | 739 | 88 | 12 | 1846 | 237 | 13 | 0 | 0 | 0 | 934 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЧАИР | 263 | 68 | 26 | 1278 | 170 | 13 | 60 | 4 | 7 | 459 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ШТИП | 967 | 150 | 16 | 2469 | 72 | 3 | 154 | 4 | 3 | 901 | 74 | 8 | 25 | 0 | 0 |
| Grand Total | 7695 | 1365 | 18 | 27085 | 1451 | 5 | 2431 | 94 | 4 | 20227 | 1142 | 6 | 422 | 26 | 6 |

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**




| Реден број регион | Row Labels | Sum of Говеда | Sum of Разлики говеда | % Разлики Говеда | Sum of Овци | Sum of Разлики овци | % Разлики Овци | Sum of Кози | Sum of Разлики кози | % Разлики Кози | Sum of Пчели | Sum of Разлики пчели | % Разлики Пчели | Sum of Маторици | Sum of Разлики маторици | % Разлики Маторици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вардарски | 908 | 42 | 5 | 4247 | 140 | 3 | 338 | 7 | 2 | 3404 | 198 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Западен | 185 | 34 | 18 | 3330 | 205 | 6 | 239 | 8 | 3 | 2868 | 247 | 9 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Источен | 1565 | 311 | 20 | 4284 | 93 | 2 | 719 | 25 | 3 | 2518 | 138 | 5 | 37 | 0 | 0 |
| 4 | Југоисточен | 925 | 143 | 15 | 186 | 87 | 47 | 193 | 4 | 2 | 757 | 31 | 4 | 56 | 12 | 21 |
| 5 | Осоговски | 427 | 31 | 7 | 2326 | 158 | 7 | 459 | 7 | 2 | 1403 | 49 | 3 | 50 | 9 | 18 |
| 6 | Пелагониски | 598 | 9 | 2 | 1230 | 30 | 2 | 37 | 7 | 19 | 2737 | 225 | 8 | 10 | 1 | 10 |
| 7 | Североисточен | 1154 | 441 | 38 | 1612 | 0 | 0 | 76 | 29 | 38 | 1614 | 103 | 6 | 173 | 4 | 2 |
| 8 | Скопски | 1933 | 354 | 18 | 9870 | 738 | 7 | 370 | 7 | 2 | 4926 | 151 | 3 | 96 | 0 | 0 |
| 9 | Grand Total | 7695 | 1365 | 18 | 27085 | 1451 | 5 | 2431 | 94 | 4 | 20227 | 1142 | 6 | 422 | 26 | 6 |




**<u>Прилог 2</u>**: Анализа на констатирани разлики во количини (основни подмерки – растително)




**Прилог 3**: Преглед на број на земјоделски стопанства со број на неисполнети посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и зачувување на животна средина за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година:

| Број на неусогласеност | Број на баратели |
|---|---|
| 0 | 445 |
| 1 | 58 |
| 3 | 74 |
| 5 | 29 |
| Вкупно | 606 |

## 2.6. Сектор за регистри

I ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗА НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во текот на 2025 година Одделението за база на референтни цени работеше на утврдување на референтни цени за предметите од јавниот повик 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД 3 програмскиот период 2021-2027. Паралелно со истражувањето на пазарот се вршеше и тековно ажурирање на Базата на референтни цени со понудите добиени од апликациите во јавните повици 01/2023,01/202,02/2024 и 01/2025 од ИПАРД 3 со понудите добиени преку истражување на пазарот и стручните анализи добиени од членовите на Евалуационата комисија. Исто така редовно беа ажурирани сопственичките структури на апликантите и понудувачите на опрема/услуга за апликациите од ИПАРД Програмата.

Во текот на 2025 година беа формирани и доставени на понатамошна обработка референтни цени за:

- 3 предмети од мерката „ Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства";
- 63 предмети од мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи";
- 37 предмети од мерката „ Диверзификација на фарми и развој на бизниси";
- 2 предмети од мерката „Техничка помош".

При тоа во Базата на референтни цени беа креирани 7161 референтна цена и тоа:

- 705 референтни цени од истражување на пазар
- 6456 референтни цени од стручните лица, членови на Евалуациона комисија

Пред замрзнувањето на Базата на референтни цени како подготовка за јавниот повик во 2025 година, беше направено ажурирање на базата со добиените понуди од јавниот повик 01/2023, 01/2024 и 02/2024 од ИПАРД 3 за мерка 1, 3 и 7 и истражувањата на пазарот направени во текот на 2025. Во 2025 година беа внесени 7994 понуди и тоа:

- 55 понуди јавените повици од мерка „Техничка помош";
- 150 понуди од истражување на пазар за мерка „Техничка помош";
- 3475 понуди од јавен повик 01/2023 – ИПАРД 3 мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства";
- 2232 понуди од истражување на пазар за мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства„ од јавен повик 01/2023 од ИПАРД 3;
- 15 понуди од Евалуациона Комисија замерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства„ од јавен повик 01/2023 од ИПАРД 3;
- 811 понуди од јавен повик 01/2024 мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи";
- 971 понуди од истражување на пазар за мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи";
- 158 понуди од јавен повик 02/2024 од мерка „ Диверзификација на фарми и развој на бизниси" ;
- 97 понуди од истражување на пазар за мерка „ Диверзификација на фарми и развој на бизниси" и
- 30 понуди по пристигнати анекси од претходни јавни повици.

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

На 12.02.2025 година согласно процедурите за работа беше извршено замрзнување на Базата на референтни цени за потребите од јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ИПАРД 3 Програмата.

На 8 февруари 2025 година беше објавен нов оглас за ангажирање на стручни лица за утврдување на пазарни цени за понуди од ИПАРД Програмата. На огласот се пријавија 22 лица, од кои по направената проверка на доставената документација и селекција, со 15 лица беа склучени договори за ангажирање за утврдување на пазарни цени за апликациите од ИПАРД Програмата.

Во текот на годината, стручните лица беа ангажирани во утврдување на референтни цени во 35 предмети од јавниот повик 01/2024 и 02/2024 од ИПАРД 3 Програмата.

Одделението за база на референтни цени се соочува со недостаток на кадар и соодветен простор за работа. Во 2025 година во одделението имаше 8 редовно вработени извршители и 2 раководители (7 со звање помлади соработници од кои еден помлад соработник со овластување ги извршува работните задачи предвидени за виш соработник и еден помлад соработник со овластување ги извршува работните задачи предвидени за советник, 1 виш соработник, 1 раководител на одделение и 1 раководител на одделение) од кои еден помлад соработник користеше боледување од 21.05.2025 до крајот на годината во додека според анализите за обемот на работа потребно е да има најмалку 16 вработени. Од 18.08.2025 со решение за времено вработување беше ангажиран еден помлад соработник. Во одделението недостасуваат носители на контролните позиции – виш соработник и советник. Исто така мора да се истакне дека во одделението вработените се економисти, правници и земјоделски инженери, додека мултидисциплинарната природа односно проблематика на предметот на работа наметнува потреба од инженери и од други профили како што се: машински, технолошки, електро и градежни инженери.

Во текот на 2025 година за вработените во Одделението за база на референтни цени немаше реализирани обуки.

Беше организирано едно студиско патување во Анкара и беше посетена Турската Платежна Агенција. Патувањето беше реализирано преку мерката Техничка помош со цел размена на искуства за унапредување на работата во делот на уитврдување на референтни цени.

## 2.7. Сектор за финансиски прашања

### 1. Одделение за извршување на исплати

Основната цел на Одделението за извршување на исплати во текот на 2025 година беше точна и навремена исплата на средства од националните програми за финансиска поддршка, исплата на средства од ИПАРД Програмата, евидентирање на склучените договори и доставените Барања за исплата од страна на корисниците на ИПАРД Програмата, следење на исплатата и нејзино евидентирање, следење на реализацијата на одделните ставки од Буџетот, подготовка на финансиски извештаи поврзани со реализираните исплати.

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2025 година, работните задачи и активности во Одделението за извршување на исплати ги извршуваа вкупно 3 вработени на следните работни позиции: 1 Раководител на одделение, 1 советник и 1 помлад соработник.

Исплатата на субвенциите од националните програми за финансиска поддршка се спроведуваше согласно Прирачникот за работа на одделението за извршување на исплати.

Првите исплати на средства од националните програми за финансиска поддршка започнаа во следните периоди:

**Програма за финансиска поддршка во земјоделството**

- По Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година во април 2025 год. започна исплатата на корисниците на мерката 1.9 Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2024 година. Во месец август следуваше исплата на корисниците на мерка 2.3 Директни плаќања за произведено и продадено кравјо, овчо и козјо млеко. Следуваше исплата на корисниците на мерка 8 Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација. Првиот Список за изработка на картички за гориво за зелена нафта беше доставен до компанијата Макпетрол на 15.08.2025 год.

- По Програмата за финансика поддршка во земјоделството за 2024 година, редоследно беа исплаќани следните мерки:

Во месец февруари се започна со плаќања за мерката 1.12 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.11 за остварено производство на грозје, мерка 2.17 регистрирано презимено пчелно семејство, мерка 2.12 директни плаќања за женски приплодни грла маторици, мерка 1.19 мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните 3 години. Во месец март започна исплатата на мерка 2.14 одгледани и продадени и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети, мерка 3 Помош за премии за осигурување, мерка 2.15 амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети, за мерка 2.4 произведено и продадено кравјо, овчо и козјо млеко се изврши исплата за месеците јули-декември. Во април следуваше исплата по мерка 1.12 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.11 за остварено производство на грозје, мерка 1.9 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. за остварено производство на овошје. Во јуни се изврши исплата за мерка 2.2 дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1 ,2.4, и 2.5 за обележани женски грла говеда постари од 12 месеци, мерка 1.3 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено производство на пченица,јачмен,сончоглед,маслодајна репка и афионова чушка, мерка 2.11 дополнителни директни плаќања од подмерка 2.8 и 2.10 за предадено јагне и-или јаре во регистриран кланичен капацитет. Во јули се вршеше исплата по мерка 1.23 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9 за јаболка предадени кај регистрирани откупувачи или регистрирани преработувачки капацитети запишани во Регистерот на откупувачи на земјоделски производи, во август по мерка 1.7 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети.

Во периодот август-декември, Агенцијата доставуваше налози за плаќање согласно добиените Решенија за одобрување на средства, но истите не беа реализирани на трансакциските сметка на крајните корисници, од страна на Министерство за финансии. Помеѓу

нив и исплатата кон корисниците на мерка 5 помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство.

Тековно беа извршувани и исплати по програмите од предходните години по основ на корегирани трансакциски сметки, повторени постапки, како и по основ на пребивања и подмирени долгови.

**Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој**

- По Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2025 година во месец мај се започна со исплата за мерката 1.1 промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во РСМ. По оваа мерка исплати се вршеа и во останатите месеци. Во јули се започна со плаќање по мерката 1.71 оддржување на регистри и бази на податоци во МЗШВ.

Тековно се вршеа и исплати по мерката 1.2 Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија како и по останатите мерки за Техничка помош (трошоци за информирање на корисниците, оддржување бази на податоци на Агенцијата).

Тековно се извршуваа исплати по мерки од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој од предходните години. Од вкупно исплатените средства од мерката Неподмирени обврски од претходните години, најголем процент е исплатен од мерките 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства-набавка на добиток, комбајни за жито, набавка на назимки, потоа мерка 1.6 инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери, мерка 1.8 техничка помош, мерка 214.2 воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни гентески резерви на автохтоните раси на добиток.

Во периодот август-декември, Агенцијата доставуваше налози за плаќање согласно добиените Решенија за одобрување на средства, но од страна на Министерство за финансии истите не беа реализирани на трансакциските сметка на крајните корисници. Помеѓу нив и исплатата кон корисниците на следните мерки: мерка 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики, мерка 112 Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, мерка 2 субвенционирање на каматни стапки, мерка 121 набавка на комбајни за ориз, мерка 131 економско здружување на земјоделски стопаства и исплата на мерките за техничка поддршка.

**Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата**

По Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година во месец јули се извршија исплати по мерките 1.2 порибување на риболовно подрачје Дојранско Езеро со подмладок од крап, 1.3 порибување на риболовни води без концесионер/корисник и 1.9 рехабилитација на риболовни води.

Тековно се извршуваа исплати по мерки од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од предходните години. Од нив, најголем процент се однесува на исплатите за мерка 2.1 инвестиции во аквакултурата, мерка 2.2 порибителен материјал.

Во месец декември, Агенцијата достави налози за плаќање согласно добиените Решенија за одобрување на средства, но од страна на Министерство за финансии истите не беа реализирани на трансакциските сметка на крајните корисници.

**Програмата за спроведување на интервентен фонд во земјоделството**

## Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

По Програмата за спроведување на интервентен фонд за 2025 година во месец април се отпочна со исплата на средства од мерка 1.1 Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи. За ова мерка исплата се вршеше и во мај и декември. Во месец декември до Министерство за финансии се доставија налози за исплата на средства од мерката 1.2 Финансиска поддршка за произведено вино. Но заклучно со 31.12.2025 год. исплатата за оваа мерка не беше реализирана од страна на МФ.

**Програмата за финансиска поддршка во органско производство за 2025 година**

Во текот на 2025 год, во месец декември до Министерство за финансии се доставија налози за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во органско производство за 2024 год како и за 2022 и 2023 год. Но, заклучно со 31.12.2025 год. исплатата по овие мерки не беше реализирана од страна на МФ.

**Програмата за потикнување на потрошувачката за свежо овошје**

Согласно доставеното Решение за одобрување на средства во месец ноември, Агенцијата подготви и достави налози за плаќање, а следствено на тоа и во месец декември. Но, заклучно со 31.12.2025 год. исплатата од оваа Програма не беше реализирана од страна на МФ.

**Програма за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност**

Во текот на 2025 год, по оваа Програма Агенцијата на вршеше плаќања.

Реализацијата на средства по националните програми за финансиска поддршка заврши на 31 Декември. Заклучно со овој датум, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати вкупно 6.676.636.901 ден. Вкупната реализација на средства по програми е следна:

- 6.288.727.799,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството ( односно 96,47 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата);
- 277.414.366,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ( односно 37.49 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата) и
- 20.691.713,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата ( односно 26.60 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата).
- 89.803.023,00 ден беа исплатени од Програмата за спроведување на интервентен фонд во земјоделството (односно 37.42% од вкупниот одобрен износ по буџетот на програмата).
- По Програмата за потикнување на потрошувачка на свежо овошје немаше реализирани плаќања.
- По Програмата за органско производство немаше реализирани плаќања.
- По Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност Агенцијата на изврши исплата на средства.

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

***Програма за финансиска поддршка во земјоделството:***

Прикажано по мерки, вкупната реализација на мерките по оваа Програма се одвиваше на следниот начин:

1 – Растително производство – исплатени се 2.427.022.849,00 ден

2 – Сточарство производство - исплатени се 147.816.380,00 ден

8 - Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација – исплатени се 325.414.507,00 ден

10 - Матријални трошоци за спроведување на програмата – исплатени се 5.722.481,00 ден

11 - Заостанати обврски од програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години - исплатени се вкупно 3.382.751.582,00 ден.

***Програма за финансиска поддршка на руралниот развој:***

- 1.1 Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во РСМ – исплатени се 11.662.569,00 ден.
- 1.2 Учество на саеми и организација на промотивни настани вон РСМ – исплатени се вкупно 33.290.073,00 ден.
- 1.7 Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој – исплатени се вкупно 5.117.872,00 ден.
- Пренесени обврски од програмите за финансиска поддршка во руралниот развој од претходните години – исплатени се вкупно 227.343.852,00 ден.

***Програма за финанскиска поддршка на рибарството и аквакултурата***

1. Финансиска поддршка во рибарството – исплатени се вкупно 1.360.000,00 ден. Од нив: од мерката 1.2 Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Дојранско Езеро со подмладок од крап исплатени се 180.000,00 ден; од мерката 1.3 Финансиска поддршка за порибување на риболовоно подрачје Преспанско Езеро со подмладок од крап исплатени се 180.000,00 ден. и од мерката 1.9 Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води исплатени се 1.000.000,00 ден

5. Неподмирени обврски по Програмата за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура од претходни години – исплатени се вкупно 19.331.713,00 ден

***Програма за спроведување на интервентен фонд во земјоделството***

- 1.1 Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи – исплатени се вкупно 89.803.023,00 ден.

***ИПАРД Програма (2021-2027)***

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во однос на реализацијата на средства од ИПАРД III Програмата, во 2025год. вкупниот износ на исплатени средства изнесува 592.766.151,00 ден. (9.619.372,00 евра) при што исплатени се вкупно 262 корисници.

Од вкупно исплатениот износ, 148.168.467,00 ден. ( 2.404.469,00 евра) се исплатени од делот за Национално кофинансирање, додека пак 444.597.684,00 ден. (7.214.903,00 евра) се исплатени од ЕУ делот. Исплатата на ИПАРД средства се вршеше по следните мерки:

Јавен повик (01/23)

- За мерка 1 исплатени се 235 корисници во вкупен износ од 444.489.419,00 ден (7.213.680,00 евра);
- За мерка 7 исплатени се 17 корисници во вкупен износ од 78.370.255,00 ден (1.270.425,00 евра);

Јавен повик 01/24

- За мерка 3 исплатени се 8 корисници во вкупен износ од 61.585.589,00 ден (1.000.415,00 евра);

Јавен повик 02/24

- За мерка 7 исплатен е 1 корисник во вкупен износ од 8.089.839,00 ден. (131.105,00 евра);

За мерката Техничка Помош исплатен е 1 корисник во вкупен износ од 231.049,00 ден. (3.747,00 евра).

Со цел реализација на средствата од националните програми за финансиска поддршка и ИПАРД Програмата, Одделението за извршување на исплати ги спроведуваше следните активности:

- Прием, контрола и евиденција на пристигнатите Решенија за одобрување и исплата на средства;
- Подготовка на налози за исплата на средства, енкрипција на подготвените налози и нивно редовно доставување до Трезорската канцеларија при Министерството за финансии;
- Континуирано следење на состојбата по одделните конта од буџетот на АФПЗРР;
- Редовно следење на состојбата и реализацијата на средства прикажана во Изводите од трезор;
- Подготовка на Прегледи на реализирани исплати од програмите за финансиска поддршка, Прегледи на решенија доставени од секторот за директни плаќања во земјоделството, Секторот за одобрување на исплати и Одделението за постапување по долгови, како и Прегледи на реализирани исплати по видови мерки и по подрачни единици;
- Редовна комуникација со Министерството за финансии во однос на најавата на планираната исплата на средства, со цел обезбедување на ликвидност (неделно ниво);
- Усогласувања на одделението за извршување на исплати со одделението за сметководство;

- Усогласувања на податоци за издадените Решенија за одобрување и исплата и извршените исплати со Одделението за постапување по долгови и Одделението за сметководство;
- Редовно известување на Секторот за директни плаќања во земјоделството и Секторот за одобрување на исплати за некоректните (погрешно доставени) лични податоци за корисниците по програмите и нивна корекција;
- Корекција на личните податоци (ембг/едб и трансакциски сметки) на корисниците;
- Подготовка на барања до крајните корисници за доставување на точни лични податоци;
- Редовно следење на повратот на средства извршен од страна на должниците на Агенцијата на наменската 889 сметка и негово евидентирање во документите за работа на ОИИ;
- Евиденција и обработка на документите поврзани со имплементацијата на ИПАРД Програмата;
- Изработка на финансиски извештаи, пренамени за прераспределба на буџетски средства и план за работа на одделението;
- Обработка на податоците за извршените исплати и подготвување на соодветни списоци на исплатени лица, со цел нивно објавување на официјалниот web сајт на Агенцијата;
- Евиденција на претставки и приговори и доставување на одговори по истите;
- Меѓусекторска соработка и координација;
- Учество во работни групи;
- Соработка, координација и усогласување на активностите со Националниот фонд, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други органи на државната управа;
- Соработка со релевантни домашни, странски и меѓународни институции за работи од своја надлежност;
- Следење и адаптирање на процедурите во Секторот за финансиски прашања согласно измените во националното законодавство.

При спроведувањето на процедурата за поврат на средствата исплатени од националните програми, одделението за извршување на исплати водеше ажурна евиденција и навремено следење на секој поврат извршен на преодната сметка (889). Во случај исплата да е извршена во претходните години средствата кои корисниците ги враќаат на преодната сметка (889), се вратени на сметката на централен буџет, додека пак во случај исплатата да е извршена во тековната година, средствата се вратени на буџетската сметка на Агенцијата.

Присуство на обуки:

- 07.10-09.10.2025 – TAIEX обука за имплементација на IRI мерката од страна на Хрватската платежна агенција

## 2. Одделение за сметководство

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во текот на 2025 година Одделението за сметководство како дел од Секторот за финансиски прашања спроведе активности, предлози и решенија во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2025 година, работните задачи и активности во Одделението за сметководство ги извршуваа вкупно 5 вработени на следните работни позиции: 1 овластен Советник, 3 Помлади соработници и од месец октомври 1 овластен Раководител на одделение.

Одделението за сметководство реализирајќи ја основната цел на работењето, во текот на буџетската година ги спроведуваше следните активности:

- Книжење на сите сметководствени настани на редовна основа водејќи сметка за основните принципи на сметководството: хронолошко, комплетно, вистинито и навремено водење на истото;
- Книжење на настаните од Националната програма како и евидентирање и книжење на одобрените и исплатените износи од ИПАРД програмата вклучувајќи ги и потребните интерни извештаи во рамките на АФПЗРР почитувајќи ги одредбите и законитостите од Националното и Европското законодавство;
- Водење на ажурна евиденција на сите корисници кои неправилно ги искористиле исплатените средства од АФПЗРР и за кои се донесени Решенија за поврат на средства од Секторот за директни плаќања во земјоделството и Секторот за одобрување на исплати. Врз основа на овие Решенија ОС ги книжеше лицата должници во софтверската апликација за книжење на сите промени од листата на должници, книжење на автоматската пресметка на законската затезна камата, книжење на сите уплати по основ на извод од трезорска сметка.
- Водење на ажурна евиденција на Решенијата за пребивање и исплата на средства добиени од Одделението за постапување по долгови.
- Континуирано следење на состојбата по одделните конта од буџетот на АФПЗРР.
- Редовни усогласувања на одделението за сметководство со Секторот за директни плаќања во земјоделството, Секторот за одобрување на исплати, Одделението за постапување по долгови, Одделението за извршување на исплати и Националниот Фонд;

Во првиот квартал од 2025 година вработените работеа на изготвување и достава на завршните сметки за 2024 година и тоа за:

- Завршна сметка за ИПАРД Трансфер сметката 789 за потребите на ЕУ на пресметковна основа (Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричниот тек, Белешки кон финансиските извештаи, Извештај за промена на капиталот, Д-2 Годишна изјава за сметките за финансиската година) до НФ;
- Завршна сметка на сметката 789 за ИПАРД средствата за национални потреби на готовинска основа;
- Завршна сметка на сметката 637 на готовинска основа;
- Завршна сметка за сметката 889 за извршените поврати на средства во сметката на АФПЗЗР.
- На почетокот на фискалната година, ОС изврши сметководствено евидентирање и внесување на буџетираните средства по мерки согласно одобрените Национални Програми за финансиска подршка за 2025 година.

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Од аспект на евидентирање на буџетското сметководство, ОС ги спроведе следните активности:

- Книжење на буџет на одобрени расположливи средства по одделни мерки за националните програми
- Книжење на платите за вработените во АФПЗРР;
- Книжење на сите примени фактури од општите трошоци на Агенцијата (телефон, вода, електрична енергија, основни средства и сл) и нивната исплата;
- Книжење на трансакциите кои произлегуваат од благајничкото работење;
- Внес и раздолжување на основни средства;
- Книжење на решенијата за исплата на средства од ИПАРД Програмата и книжење на исплатата на истите;
- Книжење на решенијата за исплата на средства од Националните програми и книжење на исплатата на истите;
- Книжење на Договорите за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и исплатата на истите;
- Контрола на сите сметководствени документи и сите книжења со пополнување на соодветни контролни листи;
- Други сметководствени настани кои произлегуваат од секојдневното работење на АФПЗРР.

Во делот на евиденција и управување со должници, ОС ги спроведе следните активности:

- Книжење на сите решенија кои истовремено се водат во листата на должници по основ на Решенијата за поврат на средства, Решенија за укинување на претходните решенија, Решенија за одобрување, пребивање и поврат и Решенија за одобрување, пребивање и исплата на средства;
- Книжење на добиени изводи од Министерството за Финансии и сметководствена проверка на евидентираните поврати;
- Книжење на електронската пресметка на казнена законска камата (15 дена од приемот на доставницата) сметано од датумот на прием на Решението за поврат на средства до денот на поврат на средствата.
- Редовна контрола за усогласеност на вратените средства од прокнижените аналитички картици со изводите за поврат на средства;
- Други тековни активности околу регистрирање и постапување со должниците

Сметководственото евидентирање на ИПАРД Програмата се одвиваше преку следните настани:

- Книжење на Известувања за раскинување на Договорите за финансиска поддршка – вкупно 19 со вкупна финансиска поддршка од 48.588.938,00 мкд IPARD III;
- Книжење на Анекси на Договори со финансиски импликации – вкупно 8
- Книжење на Авторизациски писма – вкупно 282 со вкупна финансиска поддршка од 631.781.815,00 ден. по IPARD III;
- Книжење на Одобрувања на Барање за финансиски средства (вкупно 26), со вкупна финансиска поддршка од 626.801.558,00 ден по IPARD III;
- Книжење на реализирани уплати до трансферната сметка и исплати до крајните корисници на ИПАРД Програмата;

- Книжење на Решенија за поврат на средства кои се однесуваат на ИПАРД II - 1 Решение за поврат на средства за извршена неправилност на вкупна сума од 477.620,00 ден, 9 Решенија за поврат на средства во случај на повеќе исплатени средства на вкупна сума од 4.904.211,00 ден и 2 Одлуки за отпис на средства поради изминување на 2 год. од евиденција на долгот во Книгата на должници во износ од 15.246.181,00 ден.
- Изготвување на сите евидентни и извештајни форми пропишани во Прирачникот за сметководство;
- Контрола на книжењата и пополнување на контролни листи;
- Други активности кои произлегуваат од секојдневното работење на одделението.

Присуство на обуки:

- 12.02.2025 год – Подготовка на годишна сметка за 2024 год

**3. Одделение за постапување по долгови**

Во текот на 2025 година Одделението за постапување по долгови како дел од Секторот за финансиски прашања спроведе активности, предлози и решенија во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2025 година, работните задачи и активности во одделението ги извршуваа вкупно 3 вработени на следните работни позиции: 1 Раководител на одделение и 2 Помлади соработници (од кои еден помлад соработник ја извршување функцијата на овластен советник ).

Одделението за постапување по долгови редовно извршуваше работи кои се однесуваат на водење на евиденција за долгови на барателите на финансиска поддршка кон Агенцијата, следење на долгови кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното Претпријатие за стопанисување со пасишта, АД Водостопанство, Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" - Пробиштип и други органи на државната управа.

Во рамките на ОПД се следеа ажурираните списоците на должници за Програмите за финансиска поддршка во земјоделството, програмите за финансиска поддршка во руралниот развој, програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство, програмите за спроведување на интервентен фонд за земјоделство, програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје и програмата за поддршка на социјална сигурност на жени кои вршат земјоделска дејност од надлежните институции :

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на користење на земјоделско земјиште во државна сопственост;
- Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на РСМ по основ на неподмирени обврски за воден надомест, Јавно Претпријатие Стрежево - Битола, Јавно Претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, Јавно Претпријатие хидросистем Злетовица - Пробиштип;

- Јавното Претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје за неподмирени обврски и надоместоци за користење на државни пасишта;

Во текот на 2025 година се работеше и на следните активности:

- Редовно ажурирање на доставените Известувања за извршени промени на статусот на должниците во Листата на должници;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за социјална сигурност на жени кои вршат земјоделска дејност;
- Внесување на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за органско земјоделско производство;
- Прочистување на списоците на барателите за кои се одобрени средства од Листата на должници и доставување до Одделението за извршување на исплата на нивно понатамошно постапување;
- Изготвување на Известување за видот и висината на обврската за лицата баратели кои имаат неподмирени обврски и Изјава за согласност за пребивање на долг;
- Изготвување на Решенија за пребивање и исплата на средства и решенија за пребивање на средства;
- Одделението за постапување по долгови водеше редовна евиденција на сите баратели на средства за кои се донесени Решенија за поврат на средства од Секторот за директни плаќања, Секторот за одобрување на исплата, Одделението за извршување на исплата;
- Во Листата на должници се водеа должниците кон АФПЗРР кои имаат активен долг и не извршиле поврат на средства, кои извршиле целосен поврат на средства, кои извршиле делумен поврат на средства и за кои се донесени Решенија за укинување;
- За решенијата за поврат на средства кои што се водат во Листата на должници, одделението за постапување по долгови на редовна основа пресметува законска затезна камата доколку корисникот не изврши поврат на средства во предвидениот рок од 15 дена од приемот на доставницата;
- На дневна основа се евидентираа Изводи на промет и состојба на сметка (од трезорска сметка 889) по основ на уплати од Решенијата за поврат на средства и истите се ажурираа во Листата на должници;
- Достава на известувања до СОПР за решенија за поврат на средства за кои нема доставено повратници, со цел објава во Службен Весник на РСМ;
- Евидентирање на доставниците од Решенијата за поврат во Листата на должници, како и евидентирање на објавите во Службен Весник кои имаат третман како доставница за пресметка на законска затезна камата;
- На барање на Секторот за одобрување на исплата се вршеа проверки на корисниците од Програмите за рурален развој и Програмите за рибарство и аквакултура и информирање за статусот на корисниците од Листата на должници;

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Изготвување на Список со решенија за поврат на средства за започнување на извршна постапка;
- Евидентирање на известувања од СОПР за оние должници кои се дадени на извршител;
- Евиденција на претставки и приговори и доставување на одговори по истите;
- Редовно следење на објавувањето и измените во законската затезна камата и ажурирање на каматната стапка во Листата на должници;
- Изготвување на решенија за пребивање и исплата на средства и Решенија за пребивање на средства по доставена Изјава за согласност за пребивање на долг заверена на нотар;
- По изготвувањето на Решенија за пребивање и исплата на средства и Решенија за пребивање и поврат на средства, се доставуваа списоци до Директорот за одобрување на Решенијата;
- Изработка на списоци за исплата по извршено пребивање на средства и тоа до барателите и списоците за исплата на средства по извршено пребивање до институциите;
- Усогласување со Одделение за Сметководство за доставените списоци од Секторите кои ги изработуваат ;
- Усогласување со Секторите кои издаваат решенија за поврат на средства;
- Изготвување на список до Сектор за Директни плаќања за барателите кои не потпишале Изјава за согласност, за издавање на решенија за одбивање.

Во следната табела се прикажани пребивањата извршени во текот на 2025 год.

| Решенија за Пребивање во период од 01.01.2025-31.12.2025 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Сума исплатена кон баратели | Сума исплатена кон институции | Број на допис | Датум на список/решение | Број на лица | Програма по која се врши пребивање | Дата на пребивање |
| Јануари | / | / | / | / | / | / | / |
| Февруари | 52.749,00 | 100.703,00 | 23-12/57 | 17.02.2025 | 3 | ПР.2022 | 13.02.2025 |
| Март | 287.753,00 | 189.126,00 | 23-12/67 | 17.03.2025 | 20 | ПР.2023 | 19.02.2025 |
| | 884.100,00 | 15.500,00 | 23-12/69 | 17.03.2025 | 1 | ПР.2021 | 24.02.2025 |
| | 233.462,00 | 345.205,00 | 23-12/68 | 17.03.2025 | 14 | ПР.2023 | 12.03.2025 |
| Април | / | / | / | / | / | / | / |
| Мај | 360.656,00 | 540.518,00 | 23-12/95 | 05.05.2025 | 18 | ПР.2023 | 24.04.2025 |
| Јуни | / | / | | / | / | / | / |
| Јули | 1.596.521,00 | 1.092.195,00 | 23-12/117 | 10.07.2025 | 1 | ПР.2023 | 01.07.2025 |
| Август | 1.035.802,00 | 823.268,00 | 23-12/121 | 20.08.2025 | 2 | ПР.2023 | 19.08.2025 |
| Септември | / | / | / | / | / | / | / |
| Октомври | / | / | / | / | / | / | / |
| Ноември | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **4.451.043,00** | **3.106.515,00** | | | | | |

Обуки организирани за вработените во ОПД:

- Во 2025 во рамките на ОПД се организираше обука на која присуствуваше Божанка Тишовска на тема **„Работете попаметно, не потешко: Откријте ја моќта на Copilot за Word, Excel, PowerPoint, Outlook и Teams“..**

**4. Одделение за буџетска координација и одделение за буџетска контрола**

Основната цел на Одделението за буџетска координација и Одделението за буџетска контрола во текот на 2025 година беше подготовка на буџетот за 2026 година, подготовка и доставување на годишни/квартални/месечни финансиски планови, следење на реализацијата на одделните ставки од Буџетот, водење и евидентирање на склучените договори како и дел од Финансиското управување и контрола, евиденција и исплата на фактури кои се однесуваат на општите трошоци на Агенцијата.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2025 година, работните задачи и активности во Одделението за буџетска координација ги извршуваа вкупно: 1 Раководител на одделение, 3 Помлади соработници и 1 Самостоен Референт.

Во делот на Одделението за буџетска координација спроведени се следните активности:

- Буџетскиот циркулар се подготви и достави до Министерството за финансии заклучно со 01 септември 2025 година, кој беше составен од проекција, образложение, наративен дел, табели и обрасци како и останати документи потребни за конструирање на буџетот.
- Следењето и евидентирањето на реализацијата на буџетските средства по Програми и ставки се спроведуваше во текот на целата година.
- Во текот на 2025 година беа спроведени и пренамени на средства од одредени конта за потребите на Агенцијата (вкупно 5).
- Во текот на целата година се води список и евидентирање на склучените договори со цел уредна финансиска контрола пред исплата на фактурите и точна пресметка на потребните средства за подготовка на буџетскиот циркулар.

Во делот на Одделението за буџетска контрола спроведени се следните активности:

- Спроведување на финансиска контрола пред исплата на доспеаните фактури
- Подготовка на документи за генерални овластувања и конструирање на регистарот на овластувања.
- Подготовка на решение за распределба на вкупен одобрен буџет за 2025 година.

Извештајот на планирани и потрошени средства по ставки е прикажан во следната табела:

## Извештај за планирани и потрошени средства по ставки

| Р.бр | Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Планирани средства | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Вкупно одобрен буџет** | | 8,024,427,000.00 | 7,028,711,826.00 | 87.59% |
| **2** | **Нераспределен дел од буџетот** | | | | |
| **3** | **Буџет наменет за заедничките расходи на субјектот** | | 206,927,000.00 | 188,790,828.00 | 91.24% |
| 3.1 | Потпрограма 10-Администрација | | 206,927,000.00 | 188,790,828.00 | 91.24% |
| 3.1.1 | Плати и надоместоци | 40 | 170,800,000.00 | 164,381,585.00 | 96.24% |
| 3.1.1.1 | Основни плати | 401 | 121,466,000.00 | 116,452,053.00 | 95.87% |
| 3.1.1.2 | Придонеси за социјално осигурување | 402 | 46,480,000.00 | 45,158,204.00 | 97.16% |
| 3.1.1.3 | Надоместоци | 404 | 2,854,000.00 | 2,771,328.00 | 97.10% |
| 3.1.2 | Резерви и недефинирани расходи | 41 | 0 | 0 | |
| 3.1.2.1 | Резерва | 412 | 0 | 0 | |
| 3.1.3 | Стоки и услуги | 42 | 33,641,095.00 | 23,439,500.00 | 69.68% |
| 3.1.3.1 | Патни и дневни расходи | 420 | 1,300,000.00 | 1,198,344.00 | 92.18% |
| 3.1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 8,341,095.00 | 6,935,527.00 | 83.15% |
| 3.1.3.3 | Материјали и ситен инвентар | 423 | 800,000.00 | 478,079.00 | 59.76% |
| 3.1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 424 | 14,000,000.00 | 6,656,863.00 | 47.55% |
| 3.1.3.5 | Договорни услуги | 425 | 5,000,000.00 | 4,835,918.00 | 96.72% |
| 3.1.3.6 | Други тековни расходи | 426 | 4,200,000.00 | 3,334,769.00 | 79.40% |
| 3.1.4 | Субвенции и трансфери | 46 | 1,044,905.00 | 959,043.00 | 91.78% |
| 3.1.4.1 | Разни трансфери | 464 | 864,738.00 | 778,876.00 | 90.07% |
| 3.1.4.2 | Исплата по извршни исправи | 465 | 180,167.00 | 180,167.00 | 100.00% |
| 3.1.5 | Капитални расходи | 48 | 1,441,000.00 | 10,700.00 | 0.74% |
| 3.1.5.1 | Купување на опрема и машини | 480 | 11,000.00 | 10,700.00 | 97.27% |
| 3.1.5.2 | Градежни објекти | 481 | 0.00 | 0.00 | |
| 3.1.5.3 | Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 1,430,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 3.1.5.4 | Купување на возила | 486 | 0.00 | 0.00 | |
| **4** | **Буџет наменет за реализирање на политиките и проектите** | | 7,817,500,000.00 | 6,839,920,998.00 | 87.49% |
| 4.1 | Потпрограма 20-Финансиска поддршка во земјоделството (Сектор за директни плаќања/Сектор за одобрување исплати) | | 6,993,000,000.00 | 6,389,482,941.00 | 91.37% |
| 4.1.1 | Субвенции и трансфери | 46 | 6,993,000,000.00 | 6,389,482,941.00 | 91.37% |
| 4.1.1.1 | Разни трансфери | 464 | 6,993,000,000.00 | 6,389,482,941.00 | 91.37% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1.2 | Исплата по извршни исправи | 465 | 0.00 | 0.00 | |
| 4.2 | Потпрограма 21- Интервентен фонд во земјоделството (Сектор за директни плаќања) | | 240,000,000.00 | 89,803,023.00 | 37.42% |
| 4.2.1 | Субвенции и трансфери | 46 | 240,000,000.00 | 89,803,023.00 | 37.42% |
| 4.2.1.1 | Разни трансфери | 464 | 240,000,000.00 | 89,803,023.00 | 37.42% |
| 4.3 | Потпрограма 22- поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, зеленчук, млкео и млечни производи (Сектор за директни плаќања) | | 15,000,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.3.1 | Субвенции и трансфери | 46 | 15,000,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.3.1.1 | Разни трансфери | 464 | 15,000,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.4 | Потпрограма 23 - Поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделстка дејност | | 1,000,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.4.1 | Субвенции и трансфери | 46 | 1,000,000.00 | 181,000.00 | 18.10% |
| 4.4.1.1 | Разни трансфери | 464 | 1,000,000.00 | 181,000.00 | 18.10% |
| 4.5 | Потпрограма 2А- Финансиска поддршка на рурален развој (Сектор за одобрување на проекти/Сектор за одобрување исплати) | | 372,500,000.00 | 197,350,937.00 | 52.98% |
| 4.5.1 | Капитални расходи | 48 | 372,500,000.00 | 197,350,937.00 | 52.98% |
| 4.5.1.1 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 489 | 372,500,000.00 | 197,350,937.00 | 52.98% |
| 4.6 | Потпрограма МА- Помош при транзиција и институционална надградба (Сектор за контрола на терен) | | 500,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.6.1 | Капитални расходи | 48 | 500,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.6.1.1 | Купување на опрема и машини | 480 | 500,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4.7 | Потпрограма МД - Рурален развој (Сектор за одобрување на проекти) | | 195,500,000.00 | 163,284,097.00 | 83.52% |
| 4.7.1 | Стоки и услуги | 42 | 1,000,000.00 | 50,207.00 | 5.02% |
| 4.7.1.1 | Договорни услуги | 425 | 1,000,000.00 | 50,207.00 | 5.02% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.7.2 | Капитални расходи | 48 | 194,500,000.00 | 163,233,890.00 | 83.92% |
| 4.7.2.1 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 489 | 194,500,000.00 | 163,233,890.00 | 83.92% |
| | ВКУПНО: | | 8,024,427,000.00 | 7,028,711,826.00 | 87.59% |

## 2.8. Секторот за внатрешна ревизија

Во текот на 2025 година Сектор за внатрешна ревизија ги спроведе следните ревизи:

-СВР 2024 005 Ревизија на процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 3 од ИПАРД Програмата 2014-2020

-СВР 2024 007 Ревизија на процесот на одобрување на исплати од ИПАРД Програмата 2014-2020

-СВР 2025 001 Ревизија на следење на препораките

-СВР 2025 004 Ревизија на процесот на самопроценка на функционирање на системот на внатрешни контроли за спроведување на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027

## 2.9. Сектор информатичка и комуникациска технологија

Секторот за информатичка и комуникациска технологија (СИКТ) при Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) имаше задача во 2025 година да воспостави информатичка поддршка со двојна цел:

- имплементирање на информатичка поддршка на националните активности;
- воспоставување на информатичка поддршка на програмите од ИПАРД програмата и подготовка на сигурноста на информатичкиот систем согласно ЕУ законодавството.

Во процесот на имплементирање на информатичка поддршка на националните програми за 2025 година, Секторот за директни плаќања го користеше постоечкото софтверското решение кое ги задоволи потребите на Агенцијата во целост во изминатите години.

СИКТ во текот на 2025 година помогна во процесот на техничко оддржување на софтверското решение за воспоставување на информациски систем за реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Софтверско решение е-барање претставува електронски систем за распределба на земјоделска механизација и распределба на другите мерки во руралниот развој согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

## Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

СИКТ во текот на 2025 година помогна во процесот на техничко оддржување на софтверско решение е-должници за спроведување на постапка на пребивање на финансиски средства (за надворешни институции).

Со цел квалитетна исплата на програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за рурален развој за 2025 година, Секторот за финансиски прашања продолжи со користење на софтверското решение за финансиско и сметководствено работење, а паралелено во делот за ИПАРД програмата го користеше финансиски информационен систем SAP ERP изработен согласно стандардите на Европската Комисија.

Набавен е ДМС за Агенцијата (интегриран систем за управување со документи). Започнат е процесот на имплементација и конфигурација со цел комплетна функционалност до крај на мај што зависи од набавката на скенери за 2025.

Набавени се персонални, серверски и сервисни сертификати.

Набавена е поддршка (support) за Oracle лиценци за потребите на Интегриран административен контролен систем, за САП ЕРП софтверот.

Набавени се лиценци за антивирусна заштита на компјутерите во Агенцијата и дел до серверите

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој 2025 година ја започна со примарна изнајмена интернет линија со симетричен интернет пристап со загарантиран upload/download 150/150MBps.

Набавени се CISCO DUO лиценци за двојна автентикација при најава на VPN како одговор на ревизорски наод на Агенцијата.

Во 2025 година СИКТ имаше задача да го одржува информатичкиот и комуникацискиот систем на својата примарна локација, која ги задоволува сите стандарди за непречена работа на останатите сектори во Агенцијата.

Во текот на целата година СИКТ беше активно вклучен во превентивното одржување на Интегрираниот административен контролен систем .

Во 2025 година СИКТ беше активно вклучен во превентивното одржување на САП ЕРП финансискиот систем.

Со цел поголема транспарентност на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој согласно препораките на менаџментот на Агенцијата го користеше новиот официјален Web portal на Агенцијата, преку кој се презентираа тековните активности на Агенцијата. Преку истиот беа објавени сите релевантни информации за барателите на финансика поддршка кои се однесуваа на програмата за финансиска поддршка во земјоделството, програмата за рурален развој за 2025 година, програмата за рибарство и аквакултура и на ИПАРД програмата . Официјалниот Web portal на Агенцијата овозможи преку него да се одговараат и сите дополнителни прашања добиени од страна на барателите на информации.

Во текот на 2025 година Секторот за информатичка и комуникациска технологија, во соработка со сите останати сектори во Агенцијата ја одржуваше функционалноста на Call Centre.

Една од основните задачи во текот на 2025 година на СИКТ беше технички да ја опслужува информатичката опрема во Агенцијата, при тоа инсталирајќи стандардни софтверски алатки, антивирусни програми, оперативни системи и други потребни апликативни програми.

Во текот на 2025 година задача на СИКТ беше да ја опслужува серверската и телекомуникациката опрема во систем салата на Агенцијата како и централниот УПС уред и надворешниот дизел агрегат.

Континуирано СИКТ во 2025 година изготви нови и ги подобри постоечките процедури за работа.

Во текот на 2025 година СИКТ успешно ја продлабочи воспоставената соработка во врска со превземањето на податоци од релевантни регистри за потребите на Агенцијата и исто така успеа со други релевантни институции да започне со размена на податоци.

Секторот за информатичка и комуникацика технологија во 2025 година ги даде своите максимални напори за обезбедување на оптимални услови за работа на сите сектори во доменот на информатичката поддршка со минимален број на вработени во СИКТ.

Во текот на 2025 година СИКТ технички ја одржуваше постоечката серверска опрема и уредот за бекапирање и архивирање на податоците.

Доколку сите цели се исполнат во следниот период, АФПЗРР ќе добие софистициран информатички ситем со имплементирана информациона безбедност според стандардите на ЕУ.

## 2.10.Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

Секторот за аналитика и поддршка на работата на директорот е надлежен за следните работи и задачи:

- подготовка на анализи за ефектите од реалзацијата на програмите во надлежност на Агенцијата,
- подготовка на Стратешки план на Агенцијата и негово ажурурање,
- поддршка на работата на директорот на Агенцијата,
- информирање на јавноста за работата на Агенцијата,
- подготовка на периодични и годишни извештаи за работата на секторот,
- соработка со другите сектори во Агенцијата,
- соработка со други органи на државната управа и
- соработка со релевантни домашни, странски и меѓународни институции за работи од својата надлежност.

Во мината година Секторот за аналитика и поддршка на работата на директорот, изработи 14 анализи за реализација на националните програми и тоа за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство, Програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството, Програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, Програма за финансиска поддршка на руралниот развој, Програма за рибарство и аквакултура, Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност.

Активно учествуваше во реализацијата на проектот за подобрување на условите АФПЗРР финансисран со средстав добиени од кредитот со Светска Банка и заедно со експертите направи анализа за потребите на Агенцијата во делот на реновирање на дадениот објект како и потебни нови простории, мебел и опрема и тоа за делот на информатичката технологија, потребите за архивирање и опрема за депо како во делот за чување на архивската граѓа од програмите финансирани од европскиот буџет така и за програмите финансирани од националниот буџет.

Во делот на услуги во центарот за повици во текот на годината е одговорено на телефонски повици:

- За Програмата за директни плаќања на повици,
- За ИПАРД Програмата на повици.
- За рурален развој повици

Дадени се информативни услуги на лица кои лично побарале информација во Агенцијата:

- За програмата за Директни плаќања лица,
- За ИПАРД Програмата лица.
- За рурален развој лица

## ПОДГОТВЕНИ ПОДАТОЦИ, ИЗВЕШТАИ, АНАЛИЗИ И РАБОТНИ СОСТАНОЦИ

- Подготовка на Стратешки план на АФПЗРР за периодот 2026-2028 година;
- Подготовка на план за работа на АФПЗРР за 2026 година;
- Изработен е Годишен извештај за работата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во 2024 година;
- Ажурирање на Годишен извештај за напредок за Европска комисија за втор квартал од 2025;

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Подготовка одговори со наоди од Системска ревизија за 2024 во АФПЗРР за ИПАРД Програма 2021 – 2027 и 2014 – 2020;
- Спроведена анкета за задоволство на корисници од националните програми и ИПАРД Програмата;
- Подготовка на Месечни извештаи по однос на "Проектот за модернизација на земјоделството" - финансиран од Светска банка - "AGRICULTURE MODERNIZATION PROJECT";
- Подготовка на Извештај за не испорачани функционалности за софтверот финансиран од Европска Комисија преку проектот "Customised Software for Integrated Administrative and Control System (IACS) EuropeAid/139016/DH/SER/MK ";
- Подготовка на документи за Ревизија на процесот на самопроценка на функционирање на системот на внатрешни контроли за спроведување на мерките од ИПАРД 2021 – 2027;
- Изработен е компаративен преглед на број на добиток на годишно ниво за кој е доставено барање за субвенции и бројната состојба на животни во системот на АХВ во последните десет години;
- Учествувано е во евалуацијата на искористени средствата од ИПА 2 ( АФПРЗЗ е корисник на средства од ИПА 2 за изработка на ИАКС софтвер) од страна на консултантска куќа ангажирана од страна на ЕУ;
- Изработена симулација на потребни финансиски средства во 2026 година за потребите на секторот;
- Изработен компаративен преглед на мерките за директна поддршка на земјоделците на земјите во регионот ( Р.Албанија, Р. Црна Гора, Р. Босна и херцеговина, Р. Србија и Р. Хрватска);
- Учествувано во спроведувањето на аудит за ИСО 9001/2015 ;
- Изработена е проценка на финансиските ризиците во секторот согласно новата методологија на министерството за финансии;
- Изработена анализа за транспарентноста на АФПЗРР преку официјалната веб страница;
- Изработен преглед на декларирани овошни садници по површина, број на садници и просечна површина по овошна садница за период 2022-2024 година;
- Изработена анализа на типот на најчести барања за опрема, средства и услуги од ИПАРД-3 програмата;
- Учествувано на обуката организирана од страна на министерството за финансии, за примена на новата методологија за управување со ризиците кај јавните субјекти;
- За следењето на реализацијата на ИПАРД 3 програмата од страна на лицата задолжени за доставување на извештаи до Управувачкото тело доставувани се

месечни, двомесечни, шестмесечн, годишен и по потреба извештаи за реализацијата на ИПАРД 3 програмата;

- Изработен е компаративен преглед на реализација на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 програмите, за период до 29.05.2025;

**Доставување на податоци**

- Подготовка на податоци за исплатени средства по корисници и инвестиции за потребите на Управата за јавни приходи, по Програмата за рурален развој во 2023;
- Доставување на Стратешки план за периодите 2024-2026 и 2025-2027, до Министерство за Финансии;
- Подготовка на аналитички податоци за мерките поврзани со производство на овошје и грозје за потребите на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство;
- Подготовка на податоци за реализација на Програмата за финансиска поддршка за 2023 година, за потребите на Државниот завод за статистика;
- Подготовка на аналитички податоци за јавните повици по Програмата за рурален развој за 2024 година, за потребите на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство;
- Подготовка на аналитички податоци за Програмата за финансиска поддршка за 2024 година, за сите мерки од истата, за потребите на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство;
- Подготовка на податоци за МЗШВ за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за рурален развој за вредност на исплатени средства по категории на корисници и број на корисници по категории, за периодот 2014 – 2024 година;
- Подготовка и доставување на податоци до Земјоделски институт Скопје – Универзитет Св. Кирил и Методиј, за реализација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за рурален развој, од 2008 година до 2024 година;
- Подготовка на податоци за потребите на Факултетот на ветеринарна медицина во делот на финансиска поддршка кој се однесува на одгледување пчели по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за рурален развој;
- Подготовока на податоци за потребите на Министерството за локална самоуправа за исплатени средства по Програмата за рурален развој и ИПАРД

Програмата за потребите на проценка на влијанието на мерките од Стратегијата за регионален развој 2021 – 2031;

- Доставен е допис– интервенција, барање за доставување на записи од ревизијата на проектот за Прилагоден софтвер за Интегриран Административен Контролен Систем (ИАКС) на земјоделството и руралниот развој до Делегацијата на Европската Унија во РСМ ;
- Учество во спроведувањето на функционалната анализа на работата и организациската поставеност на Агенцијата;

## АКТИВНОСТИ ЗА ПУБЛИЦИТЕТ НА ИПАРД И НАЦИОНАЛНИТЕ ПРОГРАМИ

1. **Настани**

- 05.09.2025 Средба во министерство
- 11.09. 2025 Меѓународната конференција ICE 2025, Ремс, Франција
- 16.09.2025 Настан со светска банка за проектот ,,Модернизација на земјоделството" при што е разговарано и за Реконструкција на административен објект за Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);
- 26.09. 2025 Доделување на ваучери за зелена нафта;
- 01.10.2025 Фалутет за земјоделски науки и храна;
- 02.10.2025 Учество на Панта реи конференцијата во Загреб, Хрватска;
- 06. 10. 2025 Инова склучување на меморандум за соработка;
- 07.10.2025 ТАИЕХ работилница во организација на Европска Комисија обезбедување поддршка и упатство на вработените во АФПЗРР;
- 09.10.2025 Симпозиум во министерство за земјоделство ;
- 20.10.2025 Брисел ТАИЕХ, Имплементација на ИПАРД Програми.

2. **Објавени информации во медиумите и на официјалната електронска страница на АФПЗРР**

*а.) Објавени информации во медиумите за ИПАРД*

**Јануари 2025**

- **Тековно потпишување на договори од мерка 1и мерка 7;**
- **Обработка на предмети со пристигнати барања за исплата од ИПАРД 3;**

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

**Февруари 2025**
- **Интервју за МИА;**
- **Тековно потпишување на договори од мерка 1и мерка 7;**
- **Обработка на предмети со пристигнати барања за исплата од ИПАРД 3;**
- **Објавен Јавен повик бр 01/2025 за мерка 1 од ИПАРД 3 програмата;**

**Март 2025**
- **Тековно потпишување на договори од мерка 1и мерка 7;**
- **Обработка на предмети со пристигнати барања за исплата од ИПАРД 3;**
- **Тековна авторизација и изготвување решенија од ИПАРД 3;**

**Април 2025**
- **Тековно потпишување на договори од мерка 1и мерка 7;**
- **Обработка на предмети со пристигнати барања за исплата од ИПАРД 3;**
- **Потпишување анекс на договори;**
- **Тековна авторизација и изготвување решенија од ИПАРД 3;**

**Јуни 2025**
- **Тековно потпишување на договори од мерка 1и мерка 7;**
- **Обработка на предмети со пристигнати барања за исплата од ИПАРД 3;**
- **Потпишување анекс на договори;**
- **Тековна авторизација и изготвување решенија од ИПАРД 3;**

**Октомври 2025**
- **10.10 мерка 3 најава на јавен повик за ИПАРД Програмата**
- **15.10 мерка 7 најава на јавен повик за ИПАРД Програмата**

**Декември 2025**
- **03.12.2025 Гостин во Тема на денот на МТВ;**
- **04.12.2025 Гостување во Аргумент +;**
- **04.12. 2025 Прилог во вести на 24 Вести;**
- **05.12.2025 Прилог во вести на 24 Вести;**
- **18.12. 2025 Прилог на радио слободна европа;**

*б.) Објави на настани, соопштенија и известувања на интернет страната на АФПЗРР во во делот на работата на лицето за односи со јавност:*

- Исплатени 59 942 278 денари од интервентен фонд за произведено вино 04.03.2026
- Исплатени 96 661300 денари за група мерки 04.03.2026

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Исплатени 17 815 422 денари за Мерка 112, млад земјоделец 04.03.2026
- Исплатени 34 089 868 денари за плата за напасувачи на добиток 04.03.2026
- Исплатени 28 779 597 денари за набавка на комбајни за ориз 04.03.2026
- Исплатени субвенциите за оризова арпа во износ од 39 065 031 денари 26.12.2025
- Директорката Даниела Иротова Лазарева, гостин во емисијата Аргумент + на Телевизија 24 04.12.2025
- Директорката Даниела Иротова Лазарева, Тема на денот во Дневникот на МТВ 03.12.2025
- Стартува исплатата на средства за мерка 112, Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност 20.11.2025
- Известување за поднесување на барања за дополнителни директни плаќања за 2025 година 18.11.2025
- Известување за поднесување на барања за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година 18.11.2025
- Претставници на Агенцијата учествуваа на меѓународна TAIEX работилница за имплементација на ИПАРД програмите 20.10.2025
- Наскоро, јавен повик за користење на средства по мерка 7 15.10.2025
- Одбележан Меѓународниот ден на руралните жени – Признавање на улогата на жените во руралниот развој 15.10.2025
- Наскоро, Јавен повик за користење на средства по мерка 3 10.10.2025
- 5 -ти Меѓународен симпозиум ISAF 2025 09.10.2025
- TAIEX работилница за спроведување на мерки за рурална јавна инфраструктура 07.10.2025
- Потпишан е меморандум за соработка со ,,ИНОВА,, 06.10.2025
- АФПЗРР дел од 64-та Панта Реи конференција 02.10.2025
- Прв академски час 01.10.2025
- Вредносни картички за гориво за земјоделска механизација во ПЕ Свети Николе 26.09.2025
- Доделување на вредностни картички за гориво за земјоделска механизација во ПЕ Велес 19.09.2025
- Презентирани работните капацитети пред заменик министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, Албрим Хоџа 19.09.2025
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ќе се сели во нови простории 16.09.2025
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, дел од Меѓународната конференција ICE 2025 11.09.2025

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Средба со здруженијата на одледувачи на овци 05.09.2025
- Работна посета на Република Турција 04.09.2025
- Европските фондови на располагање на општините и бизнис заедницата 04.09.2025
- Потпишан договор за вршење работи 03.09.2025
- Одржана работна средба на тимови од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, предводен од директорот Илија Стоилев и Управата за јавни приходи, предводен од директорката Елена Петрова 02.09.2025
- Известување за мерка 3. Помош во премии и осигурување од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година 18.08.2025
- Потпишани 14 договори со вкупна вредност на инвестиции од 16,6 милиони денари со над 8,9 милиони денари финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакулутрата 13.08.2025
- Работен состанок со тимовите од АФПЗРР и АПРЗ 13.08.2025
- Потсетување за крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања е 15 август 2025 година 12.08.2025
- Општина Прилеп подготвена за користење на средства од ИПА фондовите и националните мерки 11.08.2025
- Одобрени 20 милиони денари за ЈП Агроберза 08.08.2025
- Одобрена финансиска поддршка на ЈП Национални шуми 08.08.2025
- Исплата на дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за предадени градинарски култури во преработувачки капацитети 07.08.2025
- Исплатени директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко 07.08.2025
- Известување за продолжен рок за поднесување на барања за директни плаќања од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година до 15 август 2025 година 31.07.2025
- Исплата на дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9. за јаболка предадени кај регистрирани откупувачи или регистрирани преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи 25.07.2025
- Известување за мерка 7 „Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година" од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година 22.07.2025

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Со бројни поволности преку ЕУ фондовите до забрзан развој на општините 18.07.2025
- Исплата на дополнителни директни плаќања за предадено јагнеи и/или јаре од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година 01.07.2025
- Објавен Јавен повик 08/2025 за доставување Барање за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2025 година 30.06.2025
- Исплата на дополнителни директни плаќања за остварено производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афионова чушка од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година 26.06.2025
- Исплата на мерка 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства подмерка 121.1 набавка на добиток и тоа високо стелни педигрирани јуници за млеко, месо и комбинирани млеко-месо и месо-млеко 26.06.2025
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој денес објави јавен повик бр.02/2025 за доставување на барања за исплата на средства од Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, 20.06.2025
- Исплата на дополнителни директни плаќања за обележани женски грла говеда постари од 12 месеци од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година 18.06.2025
- Гостување на Директорот на АФПЗРР Илија Стоилев во дневникот 2 на МРТВ 16.06.2025
- Почитувани корисници на ИПАРД III Програмата, Ве потсетуваме за можноста и предноста од користење на АВАНСНО ПЛАЌАЊЕ 13.06.2025
- Нови јавни повици за модернизација на земјоделските стопанства 11.06.2025
- Отворен е-барање системот за поднесување на Барање за директните плаќања за 2025 година 11.06.2025
- Презентирана можноста за авансно плаќање 09.06.2025
- Објава на јавен повик за набавка на трактори 06.06.2025
- Општините ги користат европските фондови со цел реализација на инвестиции 02.06.2025
- Исплата на директни плаќања за остварено производство од домат, пиперка, краставица, корнишон, зелка, грав и компир на отворено и во пластеници од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година 23.05.2025
- 63 та конференција Pantha Rhei 22.05.2025

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

- Петти состанок на комитетот за следење на ИПАРД програмата 2021-2027 21.05.2025
- Остварена средба со делегацијата од DG AGRI од EU Commission 20.05.2025
- Објавен јавен повик за земјоделски задруги 09.05.2025
- 57 конференција на директори на платежни агенции 06.05.2025
- Исплата на директни плаќања за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година 03.05.2025
- АФПЗРР ќе применува најнови европски искуства 30.04.2025
- Исплата на директни плаќања за произведен и продаден тутун од реколтата 2024 година 25.04.2025
- Општините ги користат европските пари за раст и развој 25.04.2025
- Европската финансиска поддршка креира успешни македонски приказни 24.04.2025
- Работен состанок на тимовите од АФПЗРР и АХВ 22.04.2025
- Исплата на дополнителните директни плаќања за остварено производство на овошје, мерка 1.9 Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. за остварено производство на овошје од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година. 22.04.2025
- Исплата на директни плаќања за произведено и предадено млеко за периодот јули-декември 2024 година 15.04.2025
- Европската финансиска поддршка е значајна за општините и бизнис секторот 11.04.2025
- Јавен повик 02/2025 за мерка 112 Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност 10.04.2025
- ЈАВЕН ПОВИК број 01/2025 за ангажирање на стручни лица за утврдување на пазарни цени за понуди од ИПАРД Програмата 08.04.2025
- Исплата на директни плаќања од програмата за 2024 година 24.03.2025
- Исплата на директни плаќања на мерките за директни плаќања за одгледани и продадени или заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети и директни плаќања за амортизирани несилки 14.03.2025
- Последна недела од караванот за инфо деновите за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 14.03.2025
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој денеска реализираше исплата на мерки од руралниот развој и директните плаќања 11.03.2025

- Последна недела од каравнот за инфо деновите за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 10.03.2025
- Продолжува каравнот за инфо деновите за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 07.03.2025
- Исплата на директни плаќања од Програмата за 2024 година за мали земјоделско стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните три години за обележани грла кози постари од 12 месеци и за женски приплодни грла-маторици 06.03.2025
- Продолжува каравнот за инфо денови за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 28.02.2025
- Исплатени директни плаќања за регистрирани презимени пчелни семејства од Програмата за 2024 година 27.02.2025
- Инфо денови за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата се предвидени за цела недела 25.02.2025
- Кампања на отворени инфо денови за ИПАРД III програмата од мерка 1, 25.02.2025
- Продолжуваат инфо деновите за јавниот повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 21.02.2025
- Инфо денови за јавен повик 01/2025 за мерка 1 од ипард програмата 2021-2027, 19.02.2025
- Промоција и презентација на можностите за финансиска поддршка за земјоделските задруги 17.02.2025
- Исплата на Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.11 за остварено производство на грозје 14.02.2025
- Посета на делегација од платежната агенција на Турција 14.02.2025

### 3. Прашања за ИПАРД

На официјалниот е-маил на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (и контакт формата на веб страната) во првата половина од 2025 година добиени се околу **32 017** прашања во врска со можносите за користењето на средства од ИПАРД Програмата.

### 4. Телефонски центар

Во телефонскиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на целата година се даваат услуги на странки кои се обраќаат преку контакт телефоните на институцијата или кои лично доаѓаат. Во текот на 2025 година имаше:

- 11 123 јавувања за Директни плаќања;

- 8320 јавувања за ИПАРД програмата;
- 6392 јавувања за Руралниот развој;
- 6035 услужени лица за директни плаќања;
- 7445 услужени лица за ИПАРД програмата и
- 5035 услужени лица од Рурален развој во врска со можностите за користење на средства од истата како и информирање за текот на обработката на веќе поднесените апликации.

### 5. Посетеност на веб страницата

Официјалната веб страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (www.ipardpa.gov.mk) во вторите шест месеци од годината ја имаат посетено 72 352 корисници, односно направени се 753 754 прегледи.

### Активности во делот на Технички секретар на Директор

- Услужување на странки по телефонски повици поврзани со Субвенции
- Разговори поврзани со организирање состаноци кај Директор
- Печатирање на Договори за ИПАРД и Национална програма
- Примање пошта за Директор нејзино распоредување и постапување
- Проследување на странки и гости кај Директорот
- Проследување на Заклучоци од Седници на Влада и Е-влада
- Одговарање и препраќање на прашања на Официјалем меил на АФПЗРР
- Одговарање на прашања на страната на АФПЗРР – контакт форма и по електронска пошта
- Администарција на Е- пошта на АФПЗРР;
- Координација на Е-Влада;
- Кординација со сите Сектори по потреба за останата организација;
- Кординација на состаноци со надворешни соработници;
- Релизација на Договор за канцеларсики материјали и водење евиденција на истата;
- Реализација и кординација на Договор за техничко одржување на објектот на АФПЗРР;
- Реализација и кординација на Договор за хигиена;
- Реализација и кординација на Договор за одржување на зеленило;
- Изработка на Барања за плаќање на фактури од делот за потребите на набавки за кабинет и за потребите на реализација на договорите.

### Проект за Прилагодување на Интегрираниот систем за административна контрола финансиран од страна на ЕУ

Во делот на управување на проектот за воспоставување на ИАКС систем треба да се истакне дека АФПЗРР до Европската делегација (ЕК) во Република Северена Македонија се обрати со барање во писмена форма под архивски број 16-462/9 од 09.04.2025 година, да ни биде доставен Договорот склучен со економскиот оператор од страна на ЕК, а во врска со проектот "Прилагоден софтвер за Интегриран Систем за Административна Контрола" со број на Договор "2019/405-746 Europe Aid/139016/IH/SER/MK". Договорот согласно националната регулатива е обавезен финансиски документ во процесот на регистрирање во сметководствениот систем како основно средство на АФПЗРР.

Исто така ЕК во Република Северена Македонија до АФПЗРР достави Финален извештај во однос на реализацијата на проектот "Прилагоден софтвер за Интегриран Систем за Административна Контрола".

## 2.11. Одделението за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси (ОУЧР), во 2025 година, своите работни задачи и активности ги извршуваше врз основа на целите и приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) за периодот 2024 – 2026 година и Планот за работа на АФПЗРР за 2025 година. Во тој поглед, главните работни активности на ОУЧР во 2025 година беа насочени кон следните области:

- спроведување на постапки за нови вработувања/унапредувања на административни државни службеници и ангажирање на вработени на определено време или на договор на дело во АФПЗРР,
- координација и спроведување на обуки за вработените во АФПЗРР,
- грижа за остварување на правата и обврските од работен однос на вработените,
- подготовка на документи кои се однесуваат на акредитација на нови мерки од ИПАРД Програмата и останати документи поврзани со работата на ОУЧР, како и доставување на документи за потребите на внатрешни и надворешни ревизии на работењето на ОУЧР и
- други стручно – административни работи поврзани со реализацијата на надлежностите од делокругот на работа на ОУЧР.

Врз основа на вака утврдените области на работа, изработен е овој извештај кој има за цел да го информира и запознае управувачкиот тим на АФПЗРР за извршените работни задачи на ОУЧР за 2025 година.

### I. Спроведување на постапки за нови вработувања/унапредувања и ангажирање на волонтери

Во 2025 година, во АФПЗРР беше спроведена 1 (една) постапка за вработување на неопределено време согласно Планот за вработување за 2025 година и преку истата беа вработени 1 административен службеник со следните звања:

- Помошник раководител на сектор – 1 извршител,

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во текот на 2025 година, во АФПЗРРР беше спроведена постапка за вработување на определено време на 27 административни службеници со следните звања

- помлад соработник – 23 извршители,
- самосотоен референт – 4 извршители и

Во текот на 2025 година, во АФПЗРР беше започната постапка за унапредување на 13 административни службеници согласно планот за вработување за 2025 година во следните звања:

- советници – 11 извршители
- виши соработници – 2 извршители

Во текот на 2025 година, по свое барање, 3 (три) административни службеници (раководител на сектор – 2 извршители, раководител на одделение – 1 извршител и 4 (четири) пензионирања раководител на одделение – 1 извршител, советник – 1 извршител, виш соработник – 1 извршител и самостоен референт – 1 извршител по закон за работни односи вработен, ја напуштија Агенцијата.

На крајот од 2025 година, во АФПЗРР беа вработени вкупно 208 лица и тоа: директор, заменик директор, 206 административни службеници, од кои 1 лице вработено на неопределено време согласно Законот за работни односи, 27 лица вработени на определно време, 7 лица ангажирани на договор на дело и 15 лица ваботени со Договор на дело како стручни лица. Од нив, 145 лица работеа на реализација на ИПАРД Програмата 2021-2027 .

Од 208 административни службеници, според полова структура – 114 или 54,80% од женски пол и 94 или 45,19% се од машки пол, а според национална структура –
154 или 74,03% се припадници на македонската етничка заедница,
48 или 23,07% се припадници на албанската етничка заедница,
1 или 0,48% е припадник на турската етничка заедница,
2 или 0,96% е припадник на бошњачката етничка заедница,
1 или 0.48% е припадник на влашката етничка заедница
1 или 0,48% е припадник на српската етничка заедница и
1 или 0,48% е припадник на други етнички заедници.

Исто така, овие 208 административни службеници беа распоредени во следните звања: директор и заменик директор – 2 извршители, државен советник – 2 извршители, раководител на сектор – 8 извршители, помошник раководител на сектор – 4 извршители, раководител на одделение – 19 извршители, советник – 46 извршители, виш соработник – 20 извршители, соработник – 3 извршители, помлад соработник – 95 извршители, самостоен референт – 7 извршители, и помлад референт – 2 извршител.

Во август, 2025 година беа изработени Анализа за обем на работа и План за вработување за 2026 година во поглед на реализацијата на ИПАРД Прорамата 2021-2027 и беше утврдена потреба од вработување на 17 нови административни државни службеници во звање помлад соработник и унапредување на 13 постоечки административни државни службеници во АФПЗРР.

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Во текот на месец јануари и месец јули 2025 година, согласно Законот за административни службеници, беа изработени и доставени до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, полугодишни извештаи за реализација на Планот за вработување на АФПЗРР.

## II. Координација и спроведување на обуки

Врз основа на Програмата за обуки за 2025 година, во текот на годината не беа реализирани генерички обуки на кои што присуствуваа вработени од АФПЗРР.

Во однос на ова, во текот на 2025 година, во месец јануари и месец јули, согласно Законот за административни службеници, ОУЧР изработи и достави до Министерството за информатичко општество и администрација полугодишни Извештаи за спроведени специјализирани обуки во АФПЗРР.
Во текот на 2025 година беа реализирани 7 специјализирани обуки на кои имаат присуствувано 93 административни службеници и истите обуки се финансирани од Буџетот на Агенцијата.

## III. Грижа за остварување на правата и обврските од работниот однос

Во текот на 2025 година, преку координација на надлежните сектори, беше спроведен процесот на оценување на административните државни службеници во АФПЗРР согласно постапката утврдена во Законот за административни службеници. Врз основа на добиените резултати, ОУЧР изработи извештаи, кои беа усвоени од страна на директорот на АФПЗРР и доставени до Министерството за информатичко општество и администрација.

Истотака, во текот на 2025 година, ОУЧР, како и во претходните години, водеше грижа за остварувањето на правата од работен однос на вработените во АФПЗРР. При тоа, во најголема мерка се водеше сметка за остварувањето на правото на годишен одмор на вработените за која цел беше изработен План на одмори, врз основа на добиените барања од вработените во АФПЗРР. Врз основа на Планот за одмори, на почетокот на вториот квартал од 2025 година беа изработени решенија за користење на одмор за административните државни службеници во АФПЗРР. За користењето на правото на одмор, ОУЧР водеше посебна евиденција.

Во насока на извршување на своите надлежности, ОУЧР, како и претходната година, водеше евиденција за присуството/отсуството на вработените во АФПЗРР, преку контрола на системот за влез/излез во АФПЗРР. Податоците за присуството/отсуството на административните државни службеници беа доставувани до Секторот за финансиски прашања за потребите на подготовка на личните примања на вработените. Исто така, преку водење на содветна евиденција, се водеше сметка за прекувремената работа и преку неа за соодветно остварување на правото на надоместоци на административните државни службеници од прекувремена работа.

Во текот на 2025 година, се водеше грижа и за остварување на правата на административните државни службеници од здравствено осигурување (евиденција на боледувања, породилни отсуства, спреченост за работа итн.), како и грижа за навремено пријавување во Фондот за здравство на членовите на нивните семејства осигурени преку нив.

Дополнително, во текот на 2025 година, во АФПЗРР не беа спроведени постапки за дисциплинска одоговорност, додека на почетокот на 2026 година беше изработен и доставен годишен Извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност до Министерството за информатичко општество и администрација за 2025 година.

Со Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2025 година, на вработените во АФПЗРР кои работат на реализација на ИПАРД Програмата им беше утврдено право на додаток на плата во висина од 15% од основната плата. Во насока на реализација на ова право на вработените, согласно наведениот закон, од страна на ОУЧР беа изработени соодветни решенија.

## IV. Подготовка на документи и ревизии на работењето на ОУЧР

Во текот на 2025 година, ОУЧР учествуваше и соработуваше при реализацијата на повеќе ревизии на работењето на АФПЗРР. Ревизиите беа спроведени од страна на внатрешната ревизија на АФПЗРР и Телото за ревизија на ИПА.

Дополнително, ОУЧР беше вклучен и при проверките за почитување на ISO стандардот и активностите за негово надградување.

## V. Други активности

Покрај ова, во 2025 година, ОУЧР ги реализираше и следните активности:

- подготовка на Извештај за работата на ОУЧР за 2025 година и План за работа на ОУЧР за 2026 година,
- координација и реализација на службени патувања на вработените во АФПЗРР,
- спроведување на постапка за набавка на услуги за колективно осигурување на вработените во АФПЗРР,
- подготовка на Регистер на ризици и полугодишни Планови на активности за намалување или отстранување на нивното влијание при реализацијата на активностите во ОУЧР,
- водење на персоналните досиеја на вработените во АФПЗРР,
- учество во воспоставувањето на систем за заштита на личните податоци при работењето во АФПЗРР и
- доставување на извештаи до НФ во однос на промената на бројот на вработени во АФПЗРР.

Одобрил: Симеон Милевски
Согласен: Зоран Атанасов
Изработил:
Борче Пауновски
Марија Лекиќ
Кристина Органџиева
Славко Милошевски
Радица Ќурчинска
Панче Арсов

Република Северна Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот**

Елена Гаврилоска
Мирјана Тргачевска
Ангелина Јовановска
Марија Благоева